# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Петар Наумовски, Ганка Самоилова Цветановска, Илија Србиновски, Рафет Муминовиќ, Сашко Кедев и Трифун Костовски ме извстија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 78 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од Деветтата и Десеттата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците. (Нема).

Бидејќи нема забелешки, констатирам дека записниците од Деветтата и Десеттата седница се усвоени без забелешки.

Претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Иљаз Халими предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на деца, со Предлог

на закон да не се разгледаат на оваа седница и да бидат разгледани на Тринаесеттата седница на Собранието свикана за 21 март 2003 година.

Дописот на претседателот на Комисијата Ви е доставен.

Предлогот на претседателот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласале 33 пратеници.

38 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Претседателот на Комисијата за труд и социјална политика господинот Илјаз Халими и координаторот на Пратеничката група на ДУИ Хисни Шаќири во име на пратеничката група предлагаат Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон да не се разгледаат на оваа седница.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот се изјасниле 25 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за Царинска тарифа, со Предлог на закон

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници, со Предлог на закон

3. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон

4. Предлог за донесување на закон за изменување и допонување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Четвртиот дополнителен протокол кон договорот за мулитнационалните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон

7. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за конверзија и замена на дел од долгот на Владата на Република

Македонија кон Владата на Соединетите Американски Држави во проекти со развојни цели преку предвремена отплата и отпишување, со Предлог на закон

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протокол за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија, со Предлог на закон

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за коподукција во конематографијата, со Предлог на закон

10. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Скопје П.О.

11. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар "Свети Пантелејмон" - Скопје

12. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузиологија - Скопје

13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје

14. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација ГОБ "Моша Пијаде" ОО со ООЗТ - Клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски" - Скопје

15. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Специјалната болница за гинекологија и акушерство Чаир - Скопје

16. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на на ГОБ "Моша Пијаде" - ООЗТ Институт за белодробни заболуцања кај децата

17. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје

18. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Геронтолошки завод 13 Ноември - Скопје

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом на Скопје" - Скопје

20. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Републички завод за здравствена заштита - Скопје

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица Железара - Скопје

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и ТБЦ - Скопје

23. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација ГОБ “Моша Пијаде” - Скопје

24. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Градска аптека Скопје” - Скопје

26. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар со ПО” - Охрид

27. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за здравствена заштита” - Охрид

28. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Специјална детска болница” - Охрид

29. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за превенција и лекување на кардиоваскуларни заболувања” - Охрид

30. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Специјална болница за ортопедија и трауматологија” - Охрид

31. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” - Струга

32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за нефрологија” - Струга

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” - Битола

34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Здравствен дом” - Македонски Брод

35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Здравствен дом” - Берово.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пред малку претседателот на Парламентот побара од пратениците да се изјаснат во врска со моето барање како претседател на Комисијата за труд и социјална политика да се повлечат овие две точки од дневниот ред за кое бевте известени. Се разбира дека одговорот беше негативен. Што значи дека и понатаму останувaат како точки на дневен ред за да бидат разгледани на оваа седница. Мислам дека овие прашања припаѓаат на матичната комисија и претходно требаше оваа комисија да одржи состанок, да ги разгледа овие прашања и да излезе со конкретни предлози во врска со разгледувањето и усвојувањето на овие два Предлог закони. Јас мислам дека со ова тешко се нарушува работата на оваа комисија и според тоа излегува дека комисиите на овој Парламент се бесцелни, само се прават непотребни трошоци кога тие се свикуваат и одржуваат состаноци, затоа што сите точки, прашања и закони кои парламентарните комисии би требало да ги разгледуваат, значи по ова произлегува дека тие можат дирекно да бидат ставени на дневен ред и да бидат разгледувани на седниците на овој Парламент. Значи, произлегува дека воопшто нема логика постоењето на овие комисии. И мислам дека на овој начин и од самиот претседател на Парламентот се прави голем престап со тоа што ги има ставено во дневниот ред, а исто така и од сите вас пратеници кои гласавте во спротивност со моето барање како претседател на оваа комисија тие да не се најдат на дневен ред на оваа сеанса. Не сум јас виновен, или двајцата други претседатели на двете други комисии кои се албанци кои ги водат тие комисии што се влече работата околу разгледувањето на прашањата кои припаѓаат на оваа комисија. Ова е еден ваш проблем почитувани партнери на коалицијата, владината коалиција. Ваша вина е што овие проблеми се влечат веќе 6 месеци, не можете да се согласите дали претседателите на комисиите, претседателите на комисиите кои се албанци, можат да го користат албанскиот јазик на овие состаноци. Значи, прво, сакате да правите некои преговори во кои што некој ќе треба да попушти, а сé тоа на штета на користењето на албанскиот јазик во Република Македонија. Јас барам ова прашање да го разрешите што е можно поскоро и да нема никакви дилеми понатаму во однос на одржувањето на состаноците на овие комисии во однос на употребата на јазикот. Доколку на овој начин сакате да ги игнорирате овие три комисии каде што претседателите се албанци и точките од дневниот ред на тие комисии во иднина дирекно да се ставаат на денвен ред на сесиите на Парламентот, тогаш јас мислам дека овие комисии едноставно треба да згаснат, а потоа и сите други комисии, затоа што по одредена логика така испаѓа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Процедурално за збор се јави Борис Кондарко.

**БОРИС КОНДАРКО:**

Господине претседателе, само една процедурална реакција и забелешка на дискусијата на г. Халими. Да не се свати погрешно во јавноста дека од некого, или на одреден начин се сака да се блокира работата на одреден број на собраниски комисии и преку тоа работата на Собранието, тоа не е точно. Точно е дека сеуште Комисијата за деловнички прашања не заседавала во врска со примената на јазикот во собраниските работни тела, меѓутоа според Деловникот условно речено не се блокира работата на Собранието доколку некое прашање не поминало на дневен ред на соодветното работно тело.

Имено, во таков случај додека ова прашање не се разреши, јас верувам дека тоа ќе биде многу брзо. Сите оние членови на тие комисии кои во моментов не работат заради познатиот проблем своиете ставови и своите дискусии можат да ги кажат директно на Пленарната собраниска седница. Во тој контекст и дискусијата што би ја имал г. Халими како претседател на Комисијата по одредено прашање од точката на дневниот ред може да го дискутира на самата седница кога таа точка е поставен на денвен ред.

**РИСТЕ БИСЛИМОСКИ:**

Имам коментар во врска со дискусијата на г. Халими, а впрочем ни беше доставено и неговото писмо заедно со материјалот, па би сакал да дадам некои објаснувања.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сега сме на барање дали има предлози за изменување на дневниот ред.

**РИСТЕ БИСЛИМОСКИ:**

Добра е оценката на пратеникот и претседател на Комисијата за труд и социјална политика г. Илјаз Халими дека не е добро матичната комисија да не расправа за овие три закони кои што денеска се предложени за да влезат во дневниот ред. Меѓутоа, причините поради што се случи тоа матична комисија да не

расправа за соодветни закони, треба добро да се погледа и добро да се проанализира. Јас го разбирам нивното прашање во врска со употребата на јазикот. Меѓутоа, дојдовме до ситуација од едно отворено прашање да отвараме и друго. Така што матична комисија да не расправа за законите од таа сфера и од таа област.

Во интерес на рационалноста предлагам законите денеска да влезат во дневниот ред, да се отвори расправа по нив и ако е можно и да се донесат. Инаку во писмото пратеникот Халими укажува, односно настапува од името на Комисијата. Комисијата за жал до ден денешен нема одржано ниту една седница и повикувањето на член 128 од Деловникот за работа на Собранието не е соодветно, затоа што одлагање на предложени точки од дневниот ред според оваа одредба може да побара Комисијата, а не претседателот на Комисијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Во консултација со половина од членовите на Комисијата јас го имам направено ова барање за повлекување на точките од дневниот ред. Факт е дека јас не свикав состанок, и тоа вие треба да го почитувате затоа што не сакав да ве провоцирам после неуспехот на двата состанока кои беа предводени од моите двајца албански колеги. Доколку и јас свикав еден таков состанок, тоа навистина ќе изгледаше дека јас сакам да ве провоцирам и вие тоа треба да го поздравите, мојот гест треба да го поздравите. А тоа што го кажа г. Кондарко како претседател на Комисијата за деловнички прашања, фактички го потврди дека комисиите бесцелно постојат во Парламентот, затоа што тие прашања кои комисиите ги разгледуваат, значи можат да се разгледуваат и да се усвојуваат на седниците на овој Парламент. Значи, со оглед на фактот дека тенденцијата на претседателот на Парламентот е на секој начин да се штеди, да не се прават трошоци, тогаш предлагам сите комисии да не постојат, да се укинат и сите тие прашања кои тие комисии треба да ги разгледуваат да бидат разгледани на седниците на Парламентот и да бидат усвоени така како што ќе гласа мнозинството. Јас мислам дека тоа е така. Господинот Кондарко требаше, веќе 6 месеци, да одржи таков состанок и да го разгледа тоа прашање. Меѓутоа, тоа не е работа на г. Кондарко, тоа е прашање на коалиционите партнери на господинот Ахмети и господинот Црвенковски јасно треба да го дефинираат ова прашање. Нема преговори за употреба на албанскиот јазик. Тоа е дефинирано со Уставот со членот 5, а вториот официјален јазик во Македонија е албанскиот јазик на население кое претставува над 25% од населението. И тоа

прашање се разбира дека на таа комисија ќе биде изгласано од пратениците македонци, затоа што тие се мнозинство во таа комисија. Затоа и се влече ова прашање. Јас инсистирам тоа прашање да се реши. Значи, предлагам комисиите да не постојат воопшто во рамките на Парламентот на Република Македонија.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас како член на Комисијата за труд и социјална политика исто така давам поддршка во смисла на решавањето на ова прашање. Основна поента на искажувањето на г. Кондарко е дека ќе се реши тоа прашање и тоа е неспорно дека треба да се реши. Меѓутоа, факт е дека Комисијата за мандатни прашања до ден денес го нема поставено на дневен ред на својата седница. Се доведуваме во една нелогична ситуација одлуката на една комисија да значи спречување на работата на останатите комисии, особено кога се работи за донесување на закони кои што претставуваат значајни закони во тие сфери како што е сферата на социјалната заштита, сферата на политиката кон меѓународната заедница која што треба да ја води ова Собрание. И сметам дека на овој начин Комисијата за мандатни прашања врши на некој начин опструкција на работењето на сите други комисии каде што има членови и од опозицијата и на овој начин опозицијата е ставена во ситуација да биде блокирано нејзиното учество во овие комисии од страна на парламентарното мнозинство, односно од страна на Комисијата за мандатни прашања која што до ден денес нема одлучено по ова прашање. Затоа апелирам што побрзо да се реши ова прашање во функција на донесување на квалитетни закони и одлуки кои што се надлежност на ова Собрание, кои што се донесуваат на Пленарните седници на ова Собрание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека веќе нема дискусии, предложениот дневер ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале  76 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржани 8, против 18.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за Царинската тарифа, со Предлог на закон да се симне од дневниот ред на оваа седница и да се разгледа на седницата закажана за 21 март 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Согласно член 152 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагаме на денешната седница да биде претресен и усвоен предлогот за донесување закон за изменување на Законот за државни службеници, со Предлог закон, од причина што не се работи за сложена и обемна материја.

Во Законот за државните службеници, во преодните и завршните одредби е утврдено дека лицата вработени, согласно Законот за органите на управата, продолжуваат да работат на работните места на кои се распоредени, а раководните работници именувани според Законот за органите на управата, по истекот на мандатот за кои се именувани, се распоредуваат на работно место со звање кое е соодветно на стекнатото звање.

Се претпоставуваше дека во предвидениот временски период ќе се направи усогласување во поглед на групите и звањата и со донесувањето на новите акти за организација и систематизација на работните места на органите, со звањата кои се соодветни на стекнатото звање и дека ќе се примени системот на плати и надоместоци на плати, уреден со овој закон, а заснован врз начелото на законитост, еднаквост, транспарентност, предвидливост и правичност.

Со оглед на тоа дека целосно не се имплементирани одредбите од овој дел од Законот, како и примената на системот на плати и други надоместоци на државните службеници, се пролонгира и стекнувањето на статусот на државни службеници, а со тоа се проблематизира и евиденцијата на државните службеници и се прави проблемо при исплатата на плати, при што се оневозможува примена на

главата четири која во неколку наврати се пролонгира, поради се наметна потреба од изменување на Законот за државни службеници.

Исто така, со Законот за државни службеници предвидено е и оценување. Начинот и постапката за оценување е утврдена со Правилникот за начинот и постапката за оценување на државните службеници донесен во 2002 година, чија практична примена треба да отпочне во првото тромесечие на оваа година.

Вака утврдениот систем на оценување е неадекватен и не се базира на стандардите на добра практика во областа на оценувањето, својствени на земјите членки на Европската унија. Добивањето на ефективни резултати од оценувањето на државните службеници во функција на развој на професионална државна администрација, ќе бара суштински промени на концептот воспоставен во законот и обемни измени за исполнување на Правилникот.

Одложената примена на системот на надоместоци на плати за државни службеници од Законот за државни службеници има своја импликација врз главата шест.

Имено, доколку се спроведе постапката за оценување, ефектите од оценувањето би изостанале, доколку не се применува системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници.

Според тоа, во овој период сметаме дека неминовно се наметнува потребата од примена, односно промена на одредбите на законот за државни службеници, кои што претходно се образложени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор по законот бара господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господине претседателе, господа пратеници,

На дневен ред ни е Законот за државни службеници, т.е. предлогот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници. Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон и особено во врска со членот 83 каде решенијата каде што во поглед на членот 83 преодни и завршни одредби, впрочем, многу ретко, кога се менуваат такви закони, се навлегува во овој дел, но во ова решение се содржат и решенија кои имаат ретроактивен карактер. Истите се негативни. Сите правници знаат дека само решенија кои се поважни и имаат

ретроактивно дејство се прифатливи. И тоа на еден перфиден начин со ова се суспендира уредбата за соодветност на звањата и се дава можност на работодавецот, читај во сегмент Владата, службеник на највисока раководна функција да го распореди на најниско звање. Очигледно дека со овие решенија се дава можност и се добива можност за перфидна чиска на кадри и тоа на највисоки кадри.

Имајќи предвид дека и при донесувањето на Законот за државни службеници, сигурно бевме и порано и сега консултирани и да коренспондира овој закон со Европската унија и со други земји каде што овој закон подолго време егзистира, за да државните службеници со закон ги направиме така да не бидат предмет на дневно-политички прогони и чиски, т.е. да бидат луѓе на државни функции, со тоа што има луѓе кои започнуваат и се од кариера, да речеме 20-30 годишен службеник, кој цел живот едноставно си гради кариера врз основа на ова. Со ова се дава можност тие да бидат распоредени од највисоко на најниска функција, а решенијата се од големиот дијапазон, мислам дека некаде се околу 12 или 13 звања кои сега се предлагаат. Ние треба длабоко да се замислиме што правиме и како ќе правиме во оваа насока, бидејќи по членот 83 се педлагаат да се распоредуваат во согласност со актот за систематизација. Значи, се дава можност едноставно, во иднина тие луѓе, кои едноставно работат и се луѓе од кариера како државни службеници, заради нечии хирови, или заради некои политички реваншизми, едноставно да се симнат од горе на долу и обратно. Мислам деак ваквите решенија не се прифатливи, бидејќи државните службеници треба едноставно врз основа на своите способности, врз основа на она што се вели тековна деловна работа во своите служби да си градат кариера и да бидат подвргнати сигурно на тестирање, едноставно на прифатливос на нивната стручност од страна на соодветните установи и пошироко и само врз основа на тие критериуми тие можат или треба да напредуваат, или да не напредуваат. Не треба на овој начин со скриени намери, со перфидни намери, или со игра на зборови во преодни и завршни одредби, да се дава можност тие да бидат суспендирани или да дојдат во такви звања едноставно каде што тие сами ќе се откажат од работата, бидејќи замислете ситуација да е државен службеник и тој да е симнат на советник или стручен работник и што друго му преостанува освен во дадена ситуација тој да се откаже од својата работа. Мислам дека ваквата ситуација е недозволива, не треба да дозволиме и дека решенијата што се предлагаат по завршните одредби, во врска

со членот 83 и 85 не се прифатливи во врска со ангажирањето или статусот на државните службеници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да дискутирам малку во врска со овој закон. Би сакал да истакнам дека со Законот за државни службеници, кој што беше донесен во јули месец 2000 година од претходната Влада, беше донесен со цел да се обезбеди модерна државна управа, која ќе биде професионална, политички неутрална и непристрасна.

За таа цел во законот основана е Агенција за државни службеници, како самостоен државен орган кој непристрасно ќе се грижи за правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Утврден е посебен начин на вработување на државните службеници, со полагање на стручен испит. Утврден е посебен систем на плати и надоместоци на плати, со што се обезбедува стимулација за успешно и стручно извршување на работите. Воведено е оценување на државните службеници и можност функционерот сам преку овој механизам да изврши распоредувањена државните службеници на работно место со пониско звање, се разбира доколку, државниот службеник биде оценет со оценка незадоволува. Сето ова го направи претходната Влада, како што кажав со Законот за државни службеници во јули 2000 година, а го направи со цел да обезбеди вработените во државната управа што помалку да ги почувствуваат промените при смената на власта и да се посветат професионално, политички неутрално и непристрасно извршување на своите задачи. А тоа пак ќе значи подобри услуги за граѓаните и правните лица кои всушност, и ја плаќаат државната управа.

Во последната глава државата утврди одредени механизми со кои се обезбедува преминот од еден во друг режим за уредување на оваа област.

Во изминатиот период, односно во 2001 и 2002 година, органите на државната управата, согласно Законот за државни службеници и описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата, утврдени со Законот за државни службеници, ги донесоа актите за организацијата и систематизацијата на работни места.

По донесувањето на систематизациите на вработените во државната управа, на вработените им беа поделени решенија. Едни решенија беа за стекнување на статус на државни службеници, а други до стекнување статус на државни службеници, за оние вработени кои немаат пет години работен стаж, до денот на влегување во сила на Законот и кои за да стекнат статус на државни службеници и да добијаат соодветно звање требаше да полагаат соодветен испит.

Овој член 84 од Законот за државни службеници, каде што ова се уредува, односно полагањето на преодниот испит, неодамна беше укинат од Уставниот суд, при што претпоставувам значи дека оваа група вработени треба сега и формално да добијат решенија за стекнување статус на државен службеник и да се распоредат на работни места во звање соодветно на стекнатото. Така станува збор за поголем број вработени, чиј што статус во моментот не е регулиран.

Што треба друго да се направи? Она што треба да се направи во поглед на модернизирање на државната управа и нејзиното професионално усовршување е следното: конечно да се отпочне со примената на глава четири, тоа е системот на плати и надоместоци на плати на државните службеници и непотребно да не се одлага. Да се подготви програма за стручно усовршување и обука на државнитеслужбеници . А сето тоа во насока државната управа да биде професионална, политички неутрална и непристрасна, односно вистински сервис за граѓаните. И наместо Владата и Агенцијата за државни службеници да го применуваат Законот и да направат чекор повеќе во оваа насока, пред нас имаме предлог за измена и дополнување на Законот за државни службеници кој го руши целиот концепт и причините поради кои воопшто е донесен Законот за државни службеници.

Законот за државни службеници треба да им обезбеди одредена правна сигурност на државните службеници и треба да ги штити посебно во насока што е можно помалку да ги почувствуваат промените на власта.

Сметаме деак нема причина да се менуваат членовите 83 и 85, бидејќи станува збор пред се за преодни одредби, кои се искористени во преоден период, преодниот период е само еден, согласно кој вработените во државната управа веќе се стекнале со статус на државен службеник, односно оствариле некое право.

Јас тука би сакал само да потсетам дека во декември, односно 24 декември 2002 година е прогласен Законот за измени и дополнување на Законот за државни службеници, во кој што во членот 2 вели дека се менува членот 97 и бројот 2003 се заменува со бројот 2004. Значи, во декември пред три месеци веќе овој

закон бил менуван, значи се пролонгирало оценувањето на државните службеници, системот на плати, да биде пролонгиран, беше пролонгиран за 2002, па за 2003 и еве сега оваа власт пред три месеци го пролонгира за 2004 година, така што незнам зошто повторно се донесува овој закон.

Владата се обидува на овој начин, значи на мала врата во Законот да ја протне категоријата распоредување и на тој начин да ја загрози правната сигурност на државните службеници кои се стекнале со соодветно звање и се распоредени на соодветно место.

Значи, Владата се обидува на овој начин да го озакони озаконувањето на државните службеници од повисоко во пониско звање и обратно, без никаков критериум и претпоставувам врз основа на на родбинска и партиска припадност. Само би напомнал дека во членот 83, каде што се зборува во измените и дополнувањата на овој закон, каде што се зборува за работниците се вели се распоредуваат, додека во членот 85, каде што се зборува за раководни работници се вели дека стекнуваат звање. Не случајно е ставено се распоредуваат во член 83, бидејќи веќе работниците имаат стекнато звање државни службеници. Со ова сака да се направи обид тие да бидат распоредени, како што објаснив, согласно на некои лични, партиски, или незнам какви други причини, се со цел овие државни службеници да бидат распоредени на звања со пониско место, а со самото тоа и се признава дека досегашните промени во раководните структури на министерствата ги правеа незаконски, зборувам од септември наваму и тоа не само незаконски во смисла на непотизмот, туку и спротивно на законот за државни службеници, каде е уредено дека за секое работно место треба да се објави конкурс, а за секое распоредување на пониско работно место државниот службеници требало да биде претходон оценуван. Ние до сега немаме видено ниту еден објавен оглас, а знаеме какви се кадровските промени кои се направени во повеќе органи на државната управа, дури има случаи со договор на дело да се ангажираат раководители на подрачни одделенија кои потпишуват такви во управна постапка, односно даваат дозволи за градба или слично, звисно во кое министерство припаѓаат.

Со измена на членот 83 се предлага работниците кои засновале работен однос, согласно Законот за органите на управата, да се распоредуваат како државни службеници со звање согласно на член 6 од Законот за државни службеници и да примаат плата соодветно на звањето и работното место на кое се распоредени, според постојниот начин на исплата на плати во органот каде работат.

Сакам да напомнам дека овие работници веќе имаат стекнато статус на државни службеници и се распроедени на работни места во звање соодветно на стекнатото и примаат плата согласно постојниот начин на исплата на платите во органите, се до отпочнување на примена на системот на плати и надоместоци на плати согласно на Законот за државни службеници.

Додека со измената на членот 85 се предлагаат раководните работници именувани, согласно Законот за органите на управата, со влегување на сила на овој закон да стекнат звање согласно член 6 од Законот за државни службеници и да примаат плата соодветна на звањето и работното место согласно постојниот начин на исплата на плати во органот каде работат.

Во органите на државната управа раководните работници се стекнаа со статус на државен службеник и се распоредени на работни места во звање соодветно на стекнатото и примаат плата согласно постојниот начин за исплата на плати се до отпочнување на примената на системот на плати и надоместоци на плати од Законот за државни службеници.

Владата пробува да си најде било какво оправдување и за одложување на примената на новиот систем на плати и надоместоци на плати. И додека објаснувањето за одложувањето на примената на глава шест, оценување на државните службеници, може да се разбере поради тоа што оценувањето на раководните државни службеници го врши функционерот кој работи со органот, а функционерите се нови како што знаеме, и не можат за кратко време да ја согледаат работата на државните службеници, така да не гледаме причина за неприменување на новиот ситем на плати и надоместоци на плати, ниту пак гледаме причини за менување на преодните и завршните одредби и уште еднаш би потенцирал, бидејќи во декември 2002 година веќе се променети тие преодни и завршни одредби од 2003 се променети на 2004 година. Јас не знам што значи сега ова, освен три месеци повторно ист закон донесуваме. Ова ни се случи кога прогласивме со решение претседателот на Собранието на Република Македонија на 31 јануари ги објави локалните избори, за да веќе некаде при крајот на февруари се поништи тоа решение, па имавме измени на Законот за локални избори. Би требало малку да се направи поголема координација во оваа Влада.

Сега во министерствата активно се прават нови систематизации, се со цел изменувањето и дополнувањето на овој закон да почне масовно прераспоредувањето на државните службеници. Сето тоа мислам дека ќе ја намали ефикасноста и професионалноста на државните службеници.

Јас само би напоменал некои примери, а особено би го споменал примерот со Министерството за одбрана каде што голем број на началници, тоа може да го проверите многу полесно бидејќи сте позиција, добиеја известување, иако имаа статус на државни службеници, иако повеќе од година дена примаат плата како државни службеници, добија едно обично известување, не решение во кое пишува со добивањето на ова решение од утре да не доаѓате на работа, а документите (работничката книшка и слично) ќе ви бидат пратени преку пошта. Со такви известувања државните службеници се отстрануваат од работа. Ова е еден перфиден начин за да може тоа подобро да се оствари. Проверете го, ќе видите дека е така, голем дел од нив покренуваат и судски постапки со известување од утре не доаѓајте на работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Има збор господинот Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Со измената на Законот за државни службеници повторно се врши еден непотребен реваншизам од политички причини. Наместо измените да предвидуваат пропорционално претставување на албанците во државната администрација, со овие измени и со некои одлуки на Владата, како што е Одлуката за непризнавање на патните трошоци се врши една дискриминација на државните службеници кои доаѓаат од внатрешноста на државата, посебно на албанските службеници. Имајќи во предвид дека претходниот состав на Владата направи некои корекции кои се однесуваат до раководните места на државните органи и на некои места за прв пат се најдоа раководители на сектори, раководители на одделенија албанци со овие измени овој број на албанци видно ќе се намали, затоа што целите на оваа Влада се на албанците намалувајќи им ги платите, непризнавајќи им ги патните трошоци тие самите да ги напуштат работните места, затоа што нема да имаат никаков импулс да дојдат од внатрешноста на земјата, на своите работни места во Скопје. Тие измени сведочат дека постојано се прави опструкција на Охридскиот договор и посебно во делот кој говори за опфаќање на албанците во поголем процент во државната администрација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Означениот предлог закон за изменување на Законот за државни службеници, иако навидум сосема кус сепак носи значајни и во овој момент неопходни измени чија неминовност е последица на реалните состојби.

Имено, законот укажува на потребата за измена на актите за систематизација и распоредување на поранешните функционери кои беа потсекретари, помошници министри, на соодветни работни места и конечно решавање на нивниот статус, бидејќи тие со години веќе со години се нераспоредени и немаат никакви задолженија. Ова што го кажаа претходните дискутанти не држи, бидејќи законот не создава можност за некои чисти и некои други реваншизми, туку напротив ангажирање на работниците кои две-три години, а некои и повеќе стојат на располагање и немаат никаков ангажман. Значи, законот воопшто не руши еден концепт кој е изграден со претходниот закон, туку напротив врши времена надградба на тој концепт што е направен со претходниот закон.

Почитувани пратеници,

Несомнено е дека донесувањето на Законот за државните службеници пред повеќе од две години претствуваше сериозен и крупен чекор кон воспоставување на поефикасна, постручна и понезависна државна администрација, но по првичните двегодишни искуства се покажува потребата за надградба на овој закон и на овој систем. Според мене добро е што Владата, барем според информациите изнесени на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во својата програма зацртала до крајот на оваа година да се донесе нов закон кој покомплексно ќе ја регулира оваа сфера.

Новиот закон, со цел да се донесат поквалитетни, но и потрајни решенија за да не го менуваме често овој закон според мене би требало да помине минимум две фази во собраниска процедура, а можеби и сите три фази.

Во новиот закон заради целосна надградба на овој систем на администрацијата би требало да се направи напор со него да се почитуваат и одредени специфики на одредени категории на државни службеници во надлежните министерства, како и стручната служба во Собранието и во правосудството.

Притоа, не мислам дека треба да се издвојуваат овие категории од законот, бидејќи тоа е доволно направено со издвојување на дел од службениците, на

државните службеници, униформираниот дел во поли-цијата и во одбраната, како и во дел од царината и Народната банка, туку напротив сметам дека во овој општ закон треба да бидат содржани одредени специфики и некои министерства, бидејќи на пример Министерството за надворешни работи, како и собраниската стручна служба и службата во правосудство, сепак содржат одредени специфики, па макар да бидат тие и мали, бидејќи овој закон мора да ја почитува сспецификата на секој сегмент на државната администрација во самиот закон и да не се врши исдвојување, бидејќи тоа е доволно направено.

Исто така, неопходно е прециозно да се разграничи правото до кое ќе се оди со партизација на администрацијата. Во светот постојат два системи на именување на раководната администрација, така наречен мери систем односно систем на заслуги и споил систем при кој што победникот на изборите ги назначува до едно одредено пониско ниво сите раководни службеници. Но во праксата, пред се во Европа немаме чист систем, туку системите на државната администрација претставуваат особено во Европската Унија комбинација на овие два системи.

Кај нас со постојната регулатива де јуре имаме мери систем односно систем на заслуги. Но, каква е праксата во изминатите години останува големо прашање за дискусија. Затоа сметам дека нивото на променливоста и именувањето на раководните лица со мандат треба да се помери со новиот закон на државните секретари до ниво на поранешните помошници министри сега кои се прекрстени во државни службеници, раководители на сектори и тн., кои повторно како порано би го имале статусот на именувани функционери, а по истекот на мандатот би се вратиле на местата кои претходно ги заземале во администрацијата или пак би им престанал работниот однос по истек на мандатот со сите права и обврски на функционери. Со тоа и министрите и Владата не само оваа, секоја Влада би можела целосно да го комплетира тимот од една страна, а од друга страна да се елиминира сегашната практика да доведува до прием на нови и нови раководни лица кои без оглед дали се дојдени од администрацијата, или во неа остануваат, па видовме дека таа стана преоптоварена и тоа пред се со раководни лица, не со останати службеници, и стана неполитизирана, туку преполитизирана. Така да можеме да кажеме дека во администрацијата имаме повеќе политичари и тоа многу повеќе отколку во самиот Парламент. За жал најголем дел од нив без работни задачи.

Затоа не се согласувам со дискусиите од претходните дискутанти дека на мала врата се воведуваат некои мерки, туку напротив времено отстранување на одредени пречки, бидејќи со распоредувањето според овој закон што се предлага не

им престанува работниот однос токму на овие луѓе кои се трупаа во изминатиот период,а особено во овие чтрири години, така да имаме една вистинска инфлација на нераспоредени поранешни функционери.

На крајот почитувани пратеници сакам да потенцирам дека во новиот закон мора да се допрецизираат и доработат критериумите за прием и унапредување во администрацијата, бидејќи досегашниот систем и во законот и во подзаконските акти што беа спомнати самиот систем претставуваше извесен чекор напред во поглед на поефикасна администрација, меѓутоа се покажаа и доста слабости во стручниот испит односно невозможност да се врши оценување поради недоволните критериуми. Ние имаме критериуми, меѓутоа тие критериуми не се доволни, не се доволно разработени и понатаму оставаат доста простор за субјективизам. Доколку ги направиме прецизно овие критериуми тогаш нема да имаме дискусии дека било која власт врши некој реваншизам, туку ќе бидат примени оние кои ги исполнуваат условите.

Ние исто така мора да воведеме нови мерки за преиспитување на способноста на државните службеници.Се разбира дека минатиот труд треба да се почитува, но ниту еден државен службеник, а така е секаде во светот не може да биде вечен на својата функција. Доколку се врши тестирање по примерот на Француската национална академија каде што се вршат анонимни тестови кои што ги прегледуваат десет до петнаесет стручњаци и бодирањето на секој стручњак го дава просекот на државниот службеник во тој случај не може да има никакви приговори бидејќи ќе бидат примени навистина оние кои се најстручни.

Почитувани колеги ЛДП доследно ќе се залага за изградба на еден комплексен систем на ефикасна, објективна и стручна администрација, а верувам дека тоа ќе биде заложба и на сите други политички сибјекти без оглед дали се во позиција или во опозиција. Таа треба да биде имуна на промени на секоја политичка власт, се разбира во оној дел кој ќе биде вон политичките функции и кога прецизно ќе го лимитираме нивото и тоа како нормативно, така и фактички на раководните функционери. Со тоа почитувани пратеници ќе биде елиминирана секоја можност за било каков политички реваншизам да не се случува со промена на една власт да се менува администрацијата, како што имавме во изминатиот период. Затоа верувам и го поддржувам овој закон исклучиво како едно преодно решение до донесување на новиот закон кој што верувам дека до крајот на годината ќе го донесеме и во една поширока расправа, не само собраниска, туку научна, стручна расправа ќе донесеме

навистина еден ефикасен, комплесен систем кој ќе овозможи администрацијата да биде стручна, ефикасна и вистински сервис на граѓаните.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мимишовски.

Не е тука, во салата.

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Изменувањето и дополнувањето на Законот за државни службеници, кое денеска треба да го усвои Парламентот всушност претставува израз на стручна проценка и законодавна политика на овој Парламент во врска со целосното и правилносто применување на Законот за државни службеници, односно ефектуирање на неговите одредби во смисла на тоа да дадат што е можно подобар квалитет во практиката.

Членот 3 став 1 кој го определува статусот и дефиницијата што е државен службеник и под кој треба да потпаднат сите избрани работници и раководни работници според стариот закон за органите на управата и членот 6 од постојниот закон во кој се утврдени звањата односно рангот каде што се наброени видовите и звањата на државните службеници под кои треба да потпаднат работниците кои според Законот за државните органи на управата се избрани, се оние членови од законот кои треба да дојдат до израз со примената на Законот за државни службеници.

Имено, овде се работи за утврдување на критериумот на плати и критериумот на оценување односно постапката за утврдување на критериуми според кои се утврдуваат платите и исплатата на платите односно постапката на оценување на државните службеници во нивната работа.

Согласно Законот за државни службеници знаеме дека државните службеници еднаш во годината добиваат оценка за нивната работа, а тоа е континуиран процес кој подразбира повеќе фази во следењето на нивната работа. Значи давање на стручни мислења и тоа се одвива периодично. Сега се соочуваме со ситуација да согласно измените на овој закон оценувањето треба да започне од 1.01.2004 година, меѓутоа, бидејќи за да се направи оценување треба да се земе како репер односно како основа за оценување изминатата година во која државниот службеник ја извршувал својата работа, значи тоа се прави наредната година за изминатиот период од една година.

Во овој поглед исто така, Законот за државни службеници предвидува дека тоа оценување треба да започне од првото тромесечие на оваа година а ќе се применува најдоцна од првото тромесечие наредната година 2004 година. Тоа е всушност новината која се сака да се воведе за да всушност оценувањето кое е предвидено да даде навистина реални ефекти во врска со работата на државните службеници.

Јас дел од дискусиите на пратениците од опозицијата добив впечаток дека овза прашање се злоупотребува ако се мисли на ретроактивноста на делувањето на законот. Имено, тоа сакам по секој основ да го отфрлам како неточно затоа што никаде не стои во измените што денеска се предлагаат пред Парламентот дека овие измени на законот ќе се применуваат ретроактивно. Ретроактивно значи дека тие би се применувале ако тоа се однесува за државните службеници кои досега работеле според законот за органи на управа и го имале тој статус според стариот закон. Имено, оценувањето може да биде на тој начин за минатата година, затоа што не може да се предвиди оценувањето како тие ќе работат наредната година па унапред да бидат оценети. Значи мислам дека се злоупотребува малку ретрокативното дејство од страна на опозицијата. Како дополнителен документ ќе го наведам и тоа што во преодните одредби на овој закон, од измените пишува дека измените стапуваат во сила со денот на неговото донесување. Значи, никаде не се предвидува одредба која под кои услови и кои категории на лица работници во органите на управата ќе се применуваат station наназад овие одредби. Значи да ја демантирам оваа теза и да искажам убедување дека всушност се работи за регулирање на веќе постојна состојба и усогласување на Законот на оние лица кои работеле според законот за органи на управата со законот за државни службеници.

Исто така беше спомнато од опозицијата дека ќе се направи нивна деградација. Сакам да потенцирам дека тоа не е точно, бидејќи со статус на државен службеник со овие измени ќе се здобијат оние лица кај кои тоа не е сторено. Оние што веќе се здобиле со тој статус, тие ќе си продолжат и според член 6 од постојниот закон тие го стекнале тоа звање и се распоредени на соодветни работни места, согласно актите за систематизација на работните места и описот на работните садачи.

Значи, не е точна овде искажаната теза дека ќе се направи некоја деградација односно дека ќе се применува овој закон ретроактивно, бидејќи тоа ќе се применува распоредување само кај оние кај кои тоа до сега не е извршено. Смислата на донесувањето на овој закон е всушност да се унифицира неговата примена. Кога се

донесе овој закон беше еден нов проект и како нов проект праксата со неговата примена исфрли некои недостатоци со текот на времето. Сега, законодавецот по своја проценка сака да ги елиминира пројавените проблеми кои се појавуваат најмногу во делот на усогласувањето на критериумите според кои се определува исплатувањето на платите и во делот кој се однесува на оценувањето на државните службеници. Оценувањето е битна работа затоа што е поврзано со исплатата на платите затоа што ако евентуално во некој случај оценувањето биде негативно или незадоволително, тогаш повлекува и промена во критериумите со вреднување на висината на платата на тој државен службеник и според таковото оценување и неговата плата сигурно би се намалила.

До сега законот предвидуваше, во членот 85 и членот 83 кои се менуваат дека статусот на работниците кои го стекнале, според стариот закон, ќе го задржат до завршувањето на нивниот мандат. Меѓутоа, оваа промена е неопходна, не станува збор за никаква заднина, туку едноставно функционално подобрување на смислата на законот и ефектите кои сакаат да се постигнат со законот за да преку овие новини всушност се направи овој закон да функционира како една целина.

Исто така, зборот “распоредување” не значи никакво распоредување по врски, како што беше спомнато од опозицијата, ниту по некои други критериуми, туку распоредување согласно постојните нормативни акти како што се актите за систематизација и исто така сакам посебно да потенцирам дека со ова не се врши никаква интервенција во веќе постојниот закон односно во членот 6 каде се набројани звањата и категориите на државни службеници, бидејќи звањата не се задира со промените во тој дел, звањата се веќе дадени само се врши прилагодување на стариот закон односно на лицата кои се вработиле според стариот закон за органите на управата со веќе постојните звања. Значи, нема никаква промена во звањата на државните слузбеници што се предвидени во членот 6. Со тоа всушност се регулира една состојба, претставува регулирање на една состојба во смисла на забрзување на целосна примена на овој закон , се забрзува неговата примена, значи да се видат ефектите кои се смислата на овој нов проект за воведување на закон за државни службеници.

Ова го кажувам затоа што беше кажано во дискусиите на опозицијата дека всушност се пролонгира. Напротив, ние велиме дека се забрзува целосната примена на овој закон. Инаку, доколку не постојат критериуми и акти за систематизација не гледам зошто би држело обвинувањето според кои критериуми таквите распоредувања, бидејќи нема друг начин отколку соодветниот работник да се

распореди согласно веќе постојното звање на соодветно работно место кое одговара на неговите стручни подготовки.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници. Би сакал да истакнам дека навистина жалам што со последниот член од овој закон на некој начин се одложува дополнителното зголемување на платите на државните службеници. Да потсетам дека некаде во мај 2002 година Владата најде начин и успеа по осум години да изврши зголемување на платите на државните службеници за значителен процент и беше планирано и со Светската банка и со Синдикатот дополнителното декомпресирање на платите преку зголемување на платите на повисоките државни службеници да биде извршено во 2003 година.

Жалам што Владата не успеа и не најде за сходно ова прашање да го стави како најголем приоритет во оваа година и очигледно го одлага за наредната година, во тоа време така беше договорено и со Синдикатот на Република Македонија, денеска не ја гледам неговата реакција, меѓутоа, во секој случај државните службеници ќе почекаат за евентуалното зголемување на втората декомпрезација, бидејќи со минатото зголемување на платите во мај-јуни минатата година всушност беше извршен најголемиот дел од она што беше замислено како зголемување на платите и како декомпресирање на платите. Декомпресирањето е оддалечување на големината на платите на различни нивоа на службеници односно покачување за да не дојде до нивно смалување оти теоретски може декомпрезацијата да се изврши и со покачување и со намалување. Но, замислата беше така беше и првата фаза само со зголемување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за 52, никој не се воздрежал, 16 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за 50, никој не се воздржал, 12 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Амандмани не се поднесени на законот.

Дали некој друг бара збор по текстот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаке 69 пратеници, за 53, еден воздржан и 15 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и Извештајот од Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, колеги,

Основниот закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија е усвоен во претходниот состав на Парламентот и е објавен во “Службен весник на Република Македонија” број 2/22.

Во оваа насока  со одлука на Владата на Осмата седница одржана на 9 декември 2002 година се обврзува Министерството за труд и социјална политика да подготви Предлог-закон за измени на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства.

Овој закон исто така ги засега и посебните права на членовите на МВР и Министерството за одбрана кои загинаа во војните на бившите простори на СФРЈ, на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства.

Едно од посебните права определено со овој закон е правото на компензација во парични средства во висина од 40 просечни плати остварени во Република Македонија во месецот кога тие станале жртви. Имајќи предвид дека соодветниот закон посебно се однесува на војната во Република Македонија во текот на 2001 година и со жртвите од оваа војна како и фактот дека Министерството за труд и социјална политика е Министерство кое од социјален аспект од овој вид треба да ги третира подеднакво сите граѓани, а посебно за сите жртви во текот на војната од 2001 година, што во конкретниот случај не се случува и ние не можеме да го поддржиме овој предог-закон.

Сакам да нагласам дека ние не сме против тенденцијата и определувањето за да ги поддржиме жртвите од страна на безбедносните сили, туку бараме жртвите да се третираат истоветно и оваа регулатива да ги опфати и жртвите од албанската заедница. Имајќи предвид дека во најголем број жртви биле цивили. Бидејќи ова не се случува, посакувам од името на парламентарната група на ДУИ да ве информирам дека ние ќе гласаме против овој предлог на закон.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Џафери.

Има збор господинот Манасијевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, поради технички причини, за жал, инаку поентата е претходно предлагачот на Владата да даде уводни појаснувања за соодветните проекти што се предлагаат пред вас.

Денес на дневен ред имаме дополнување на еден закон кој е доста свеж, донесен е минатата година, тоа е Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства. Инаку, со членот 7 од овој закон се дефинираат всушност посебните права кои се однесуваат на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства и едно од тие права е дефинирано во членот 7 од овој закон е правото а семејна пензија.

За жал, минатата година кога е донесен овој закон, во Законот не се уредени конкретно условите и начинот на користење на ова право. Од таму во практиката веќе се појавија проблеми, имено имаме апликанти кои аплицираат до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а Фондот за жал иако апликантите имаат законско утврдено право не е во состојба поради отсуство на дорегулираност тие права да ги реализира.

Од таму нужноста и ургентноста на овие промени се надевам дека е само евидентна за сите пратеници.

Како што можете да видите во Предлогот за дополнување на законот се воведува нова точка 6 која низ неколку членови всушност ги разработува условите и начинот за остварување на правото за семејна пензија. Тоа е едното битно дополнување на овој закон.

Второто битно дополнување е всушност давање смисла на една одредба од Законот затоа што од членот 23 во Предони и завршни одредби од овој закон всушност во остварувањето на правата со припадниците на безбедносните сили загинати во конфликтот од 2001 година всушност се изедначуваат и припадниците на безбедносните сили починати во времето на војните во бивша СФРЈ. Едно од тие права што исто така е дефинирано во членот 7 од донесениот Закон е правото на еднократен паричен надоместок. Меѓутоа поради фактот што се работи за долг изминат период од преку 10 години и поради вкупните економски движења и деноминацијата што ја имавме во меѓувреме всушност правото на еднократен паричен надоместок онака како што е дефинирано во Законот е речиси бесмислено.

Од таму, за оваа категорија на припадници на безбедносните сили загинати во војните на поранешна СФРЈ се утврдува ист репер како и за другите припадници на безбедносните сили. Имено, како критичен момент се зема јануари 2002 година. Со тоа и за овие жртви и за членовите на нивните семејства со една навистина достоинствена сума се изразува и се вплотува духот на законот и самата смисла на овој еднократен паричен надоместок.

Како што кажав и претходно овие промени се нужни, се гледа од приложеното, очекувам пратениците да ги поддржат и очекувам расправата по овие дополнувања, доколку ја има, да помине во еден навистина достоинствен дух затоа што денеска кога расправаме за дополнување на овој закон не расправаме само за вакво или онакво право дефинирано во овој или во оној член, туку секоја ваква прилика е всушност шанса да се изрази должното внимание, почит за оние луѓе кои загинале

на службена должност спроведувајќи задачи дадени од државата Република Македонија.

Ве молам дискусијата да се одвива во тие рамки затоа што и оваа дискусија, покрај конкретните консеквенци има и една поширока политичка консеквенца, нас во овој момент не гледаат припадници на безбедносните сили и секој припадник на безбедносните сили на Република Македонија без разлика од која етничка припадност е сака да знае дека утре, задутре, доколку, не дај боже, му се случи и нему нешто слично дека Парламентот на Република Македонија со должно внимание, со достоинство ќе се однесува и кон тој чин и кон членовите на неговото семејство, па се надевам дека дополнувањта ќе наидат на ваша поддршка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Министерот за труд и социјална политика ги кажа причинитепоради кои се носи овој закон. Јас накратко сакам само да потенцирам две работи. Во врска со овој закон, тоа е дека потребата од негово донесување навистина постои, причината е таа што при донесувањето на овој закон во минатиот состав на Собранието само амандмански е внесено ова право како право, меѓутоа никакви други одредби за негово спроведување немаше во тој закон, поради што Фондот како надлежен орган кој треба да ја води постапката за остварување на ова право, не беше во можност да ги остварува овие права, значи да ги остваруваат овие права тие на кои им припаѓаат.

Донесувањето на овој закон значи создавање на една нормативна претпоставка за д аможе во Фондот непречено да се остваруваат правата на оваа категорија осигуреници, иако , заради важноста на ова право, бидејќи тоа е право фактички од социјалата, можеби требаше и многу побрзо да се реагира затоа што основниот закон е донесен некаде во почетокот на минатата година и добро е што еден од приоритетите е токму и донесувањето на еден ваков закон со кој , реков , ќе се заокружи нормативата, да може ова право да го остварува категоријата на луѓе на кои тоа право навистина им е потребно.

Исто така сакав само да напоменам, тоа и на Комисијата го зборував, одредени права кои се именуваат како права, да речеме од областа на социјалата, тие се остваруваат од посебните закони. Меѓутоа употребата на терминот пензија

претпоставува и регулирање на тоа право во матичен закон односно во законот за пензиско и инвалидско осигурување заради тоа што во 1994 година направена е кодификација на сите права од ова осигурување, зборувам за правото на пензија, кои беа регулирани во повеќе други закони, на пример во Законот за внатрешни работи, во Законот за народна одбрана, во Законот за кривични санкции и т.н. Тогаш се направи кодификација, се она што значи остварување право на пензија да биде кодифицирано и регулирано со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, сер азбира ос напомена на чиј товар паѓаат финансиските средства потребни за реализација на тие права. Значи се она што е посебни права, во Законот за ПИО има посебна глава, значи права од пензиско на посебна категорија на осигуреници. Меѓутоа, ова само го потенцирам како една преземена работа во системот на ПИО, што не значи дека вака како што е предложено не е можно да биде регулирано, но да се има предвид дека , евентуално во некоја друга прилика би требало овие права да бидат регулирани и во тој закон. Зошто? Затоа што одредени закони не ги носиме само за моментална состојба и моментално остварување на одредени права, туку тоа се закони кои можат да се применат и во некоај идна прилика.

Втора работ акоја сакам да ја потенцирам е дека при предлагањето на одредени закони би требало да се поведе малку поголема сметка за квалитетот на текстот на предложените закони. Како пример ќе посочам употреба на одредени термини во овој закон кој не се содржани во правниот систем односно не се содржани во Законот за ПИО. Тоа се термините општи и посебни услови што ги нема никаде во Законот за ПИО. Меѓутоа, за жал, амандманите кои ги поднесуваме комисиски, од едни или од други причини, незнам од кои, не се прифаќаат и тоа е право , се разбир ана предлагачот, да ги прифати или да не ги прифати. Но и во ситуации кога е очигледно дека треба да направиме еден по чист, по прецизен текст кој ќе биде разбирлив и полесно применлив, одредени амандмани не се прифаќаат на комисии. Поради тоа , како член на овој законодавен дом сакав да ја искористам можноста и да го потенцирам тоа во оваа прилика. Се разбира дека има и друг пример, но затоа има амандмани, по тоа посебно ќе се изјасниме.

На крајот сакам да кажам дека апсолутно го поддржувам донесувањето на овој закон заради тоа што тој ќе создаде можност Фондот за ПИО, најпосле за, барањата за остварување на овие права да се создадат сите предусоли за да можат овие лица да си ги остварат правата според овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги, почитувнаи претставници на Владата.

Жалам што мојата дискусија нема да оди во насоката коај ја постакув аминистерот, меутоа реалноста е таква како што е и ќе се обидам да ја искажам таква каква што е а не како што посакуваме да биде.

Тука се работи за дополнување на Законто за посебните права на припадниците на вооружените сили на РМ и на членовите на нивните семејства. Значи овој закон како што претходно беше истакнато, беше усвоен во 2001 година и ние како парламентарна група тога гласавме против и бевме категорично против овој закон. Јас уште еднаш ќе ги повторам причините зошто ние бевме и повторно сме против овој закон.

Третирањето на една посебна категорија од стран ана Министерството за труд и социјална политика е процедур акоај понекогаш е потребна . Меѓутоа, зошто овој пристап останува да биде еднostран, зошто со овие измени на закон, на одреден начин се зазема страна во минатиот конфликт и актите кои го спречија овој конфликт.

Во 2001 година имавме еден конфликт и како што знаете овој конфликт беше завршен и прекинат со Рамковниот договор, со Законто за амнестија, после кој следеа и уставнит епромени што би требало да бидат гаранција за еднаквост во РМ ида стават крај на дискриминацијата од секој аспект, посебно етничката дискриминација. Една од основите на Рамковниот договор е и помирувањето. Меѓутоа дали тоа помирување е помирувањето кое се декларира од Владата, дали е тоа само декларативен или тој ќе биде поддржан и од сите институции. Мислам дека со актите, како што е денешниот и со едностраното третирање на конфликтот, мислам дека е оттргнуваме од имплементацијата на Рамковниот договор во духот на помирувањето. Се работи за парични средства кои ќе се оделат од Буџетот. Се работи за средства на даночниците каде сите граѓани плаќаат даноци и семејствата на еден дел од жртвите кои загинаа во тој конфликт ќе имаат материјална компензација, и ќе имаат бенифицирани права за пензија. Значи ние уште еднаш сакме да и укажеме на Владата, што поскоро да донесе сличен закон кој ќе се однесвуа и кој на еднаков начин ќе ги третира сите жртви од изминатиот конфликт и

семејствата на жртвите од минатиот конфликт. Значи ние цениме дека сите семејства на жртвите, не зависно од нивната националност д абидат третирани еднакво од заедничкиот бџет и заедничката држава. Мислам дкеа тоа е едно природно барање и дека е во согласност со духот на Рамковниот договор за помирување и за изградба на доверба.

Јас се радувам што колегата од ДУИ го имаше истито став во однос на денешнито закон, меѓутоа сакам да го потсетам мојот колега дека ова не е доволно. Не е доволно да се каже дека учествуваме во Владата, дека сме учествувале на седницата на Владата каде што е донесен овој закон, а ние пратениците да кажеме дека сме против овој закон за кој кога се донесувал нашите коалициони партнери биле на таа седница, а неи како опозиција ќе ви се придружиме во тоа, меѓутоа повторно ќе бидеме надгласани. Ние мислиме, после Рамковниот договор принципот на надгласување за прашања кои  се однесуваат на еднаквоста, на еднаквото третирање, веќе е надминато.

Јас предлагам овој закон да се третира од Комисијата за меѓуетнички односи, тоа е Уставна комисија и овие измени на закон да бидат изгласани со механизмот на консензус. Значи треба да се добие согласност и од половината на албанските пратеници, со цел да им се обезбеди еднаков третман на сите семејства, на жртвите од минатито конфликт, независно од нивната етничка припадност. Јас тоа го велам, со цел , да не се направи преседан, Владата д адонесе еден закон кој е против еднаквиот третман во однос на некое прашање, а ние тука да гласаме против еден таков нееднаков третман и животот да продолжи. Значи сакаме да укажеме на тоа, оваа пракса д ане стане преседан во Парламентот затоа што главната одговорност паѓа врз Владата, а ние како опозиција имаме наше право да дадеме наши забелешки и да го кренеме нашиот глас кога цениме дека  едно прашање се третира еднострано. Значи, да нема недоразбирање, ние ќе гласаме против овој закон, а сме за донесвуање и усвојување на еден закон кој ќе се однесвуа на сите семејства, сите тие да бидат третирани на еднаков начин Што се финансира од нашиот заеднички Буџет и заедничка држава каде што сите треба д абидеме еднакви.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи колеги пратеници, почитувнаи претставници на Владата.

Денес пред нас се наоѓа еден Предлог на закон за дополнување на Законот за посебните рпава на припадниците на вооружените сили на РМ и членовите на нивните семејства.

Досегашната пракса покажа дека дополнувањето на законите и на другите нормативни акти се прави со цел да се надополнат недостатоците кои биле забележани во текот на спроведувањето на таквите закони или нормативни акти. Меѓутоа, за жал, и во овој случај , во процедура е пуштен еден Предлог закон кој на еднostран начин исполнув анекои потреби само на еден дел од реалноста, оставајки го другиот дел на реалноста што денес во РМ и кој е блиску поврзан, со заедничкото живеење во оваа држава.

Република Македонија во 2001 година се соочи со една криза што беше резултат на еден меѓуетнички конфликт. како што сите знаеем оваа меѓуетничка војна заврши со помош на еден постигнат Договор во Охрид. Како резултат на тоа произлегоа и уставните измени кои преку заштитниот механизам треба да обезбеди национална еднаквост на албанците со македонците во оваа држава. Меѓутоа, се повеќе се забележува една опасна тенденција за нарушување на овој Договор кој е постигнат во Охрид. За жал, законските проекти, вклучувајки го и овој закон кој се однесува на посебните  права на припадниците на вооружените сили и нивните семејства се во спротивно со духот на Договорот и со уставните измени. Тоа покажува дека коалиционите партнери на сегашната Влада се сеуште многу далеку од тоа што треба да го направат. Предлог законите,како овој што го имаме пред нас само уште пвоеќе не делат, затоа што какви што се тие покажуваат дека правата кои произлегуваат од ваквите закони може да ги уживаат само припадници на еден етникум или пак припадници само на една етничка заедница, а во овој случај на македонската етничка заедница, кои и овој пат продолжуваат да го консумираат лекот за олеснување на болката , единственов рз самите себе, а не и врз албанците на  кои исто така им беше нанесена голема штета во текто на конфликтот 2001 година. Тука пред се товарот паѓа врз албанскиот партиципиент во сегашната Влада.

Јас мислам дека сите оние коис е носители или учествуваат во подготовката на законите од ваков вид требало да имаат предвид еден факт. Имено во текто на подготовката и дополнувањето на овој закон требало да се опфатат и семејствата на сите загинати албанци кои загинаа во текто на војната 2001 година, во име на кои , албанскито субјект кој учествува во Владата и ги доби изборите. Исто так атреба да се опфатат и инвалидите од оваа земја и цивилите. Партијата како коалиционен партнер изгледа заборави и на судбината на лицата и семејствата трауматизирани

во текто на војната, посебно на децата кои , за жал, се оставени на божја милост, без никаква грижа од страна на сегашните раководни структури на државата. Тоа се последици со кој Владата односно државата треба да се справи. Тоа се деца сирочиња од оваа војна и кои бараат помош од оваа држава. Затоа на сегашната Влада, во име на семејствата на жртвите од Слупчане, Куманови и сите други жртви и во име на сите воени инвалиди и во име на сите трауматизирани деца од војната апелирам да се направи нешто и за тие луѓе, а не само за едниот дел, како што тоа беше направено со дополнување на Законот за безбедносните сили. Та треба да се направи за сите оние кои биле засегнати од военито меѓуетнички конфликт во 2001 година. Само на тој начин можеме да го докажеме нашиот придонес и нашата заложба за меѓуетничкото доближување што, меѓу другото е и цел која произлегува од Рамковниот договор во Охрид и од уставните измени.

На крај ве потсетувам дека усвојвуањето на овие дополнувања, без да се опфатат семејствата на жртвите , децата и инвалидите кои припаѓаат на албанската заедница, од конфликтот во 2001 година, значи продолжување на една политика на делби, дискриминации и институционално маенефестирање на меѓуетничката нееднаквост во државата. Ова би било уште една намерна грешка и неприфатлива за нас. Несомнено дека вината паѓа врз сегашната коалиција што уште еднаш албанецот го третира како граѓанин од втор ред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

И покрај тоа што министерот замоли сериозно да се однесуваме кон оваа конкретна проблематика, кон овој закон, се чувствува дека се внесува повторно политика во оваа тема. И тоа што вашата парламентарна група се залага овде и вашиот координатор и вие сега, напротив, правите нешто сосема друго, а тоа е да не се третираме сите еднакво. Тоа што барате ова да оди во Комитетот за меѓунационалнил и меѓуетнички односи не е во ред. Тоа што велите дека овој закон важи за еден етникум, и тоа не е точно. Зборувавте за реалноста. Јас ќе ви објаснам каква е реалноста. Реалноста за која вие се залагате вели дека меѓу припадниците на безбедносните сили кои загинаа имаше и македонци и албанци. Оттаму, би ве замолил поконструктивно да дискутирате, да не зборувате дека ова е закон кој важи само за еден етникум, туку сите заедно да донесеме одлука според која ќе ги

почитуваме со должна почит сите жртви што настанаа во конфликтот, сите припадници на безбедносните сили во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Дика, имате реплика? На кого?

Немате право на реплика вие туку г-динот Фатмир Асани. Дали ќе се јавите за збор подоцна?

Добро, во ред.

ЗАМИР ДИКА:

Координаторот на Либерално-демократската партија нека ги почитува и политичките оцени. Доколкуу тој мисли дека ние сме тука од друга причина, со тоа не се согласувам. Ние сме од политички причини тука, Ние сме политички орган и нашите оценки се политички насочени.

И покрај тоа, уште еднаш би сакал да потсетам дека навистина сериозен пристап би требало да биде токму од страна на вашиот министер и вие треба да побарате од вашиот министер повторно да го прочитаат Рамковниот договор, устанвите измени и да го почитуваат принципот на воспоставување на довербата.

Овие парични средства кои се делат се од заедничкиот буџет. Јас Ви гарантирам, несакајќи да влезам во оваа категорија дека семејствата на жртвите се семејства на жртви и треба да се почитуваат. Би сакал со иста почит да говорите и да ги третирате од буџет семејствата на сите жртви кои загинаа во тој конфликт. А ова не го правите, независно на која политичка партија или независно на која етничка група припаѓаат семејствата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Правото на реплика на репликата е искористено.

Сега го молам г-динот Хусенџеват Хусеини да земе збор.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ;

Почитувани,

Немам ништо против едно хумано третирање на луѓето кои загинаа во текот на војнат, меѓутоа, имам против тоталното игнорирање на албанските жртви во текот на војната. Ова е голема навреда кон албанците и не е во функција на етаблирање на една меѓуетничка доверба. Мислам дека жртвите и сите оние кои беа жртви е резултат на една погрешна политика која ние сакаме да ја подобриме. Грешките од минатото не може да се поправат со нови грешки.

Јас гласам против овој Предлог на закон, затоа што не сакам да бидам порота на еден судски орган кој ќе ја осудува иднината, ги осудува штотуку родените деца,

можеби и неродените деца и ги осудува на нови можни конфликти. Доколку бевме богати, можеби ќе можевме да дадеме и 1000 плати и по 2000 плати на овие жртви. Тоа што не можеме да го направиме е на децата да им ги вратиме татковците, на мајката да и го вратиме синот.

Затоа, Ве молам, кога повторно ќе гласаме за овој закон, имајте го ова предвид.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Абдулати Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувана госпоѓо потпртседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратнеици,

Ќе почнам со зборовите на минстерот кој побара од пратениците едно заедништво, едногласност во однос на усвојувањето на Предлогот на измените. Меѓутоа, г-дине министер, јас би сакал да кажам дека политичката порака која Владата ја испраќа во овој момент преку овој закон е штетна за сите граѓани на Република Македонија, независно од нивната етничка припадност.

Второ, мислев дека грешката која се направи во јануари 2002 година со надгласувањето на албанците, кога законот беше изгласан  само од страна на македонците, но не и од немакедонците во парламентот, јас мислев дека овој закон ќе преземе соодветни чекори и ќе создаде една релаксирана клима во РМ, ќе направи дополнувања и измени на постојниот закон со кој нема а се нанесе штета на ниеден граѓанин на РМ, затоа што од овој парламент, од една пратеничка во една нејзина дискусија слушнав кога таа рече дека треба да го заборавиме минатото и треба да работиме за иднината. Тоа е вистина. Меѓутоа, сега треба да се заземеме со последиците како прво прашање.

Јас сакам да Ве уверам, господине министер, затоа што вие апелиравте до пратениците на парламентот, дека ние не сме против тие припадници кои го положија својот живот, кои биле припадници на вооружените сили затоа што ние не сме против. Вие рековте дека ние не треба да сме против законот, затоа што другите припадници сега не гледаат на телевизија.

Меѓутоа, од оваа говорница велам дека ние немаме ништо против на тие вооружени сили да им се дадат семејни пензии, но исто така, истовремено, ние сме против затоа што Владата и еден дел од пратениците тука, говорам за македонските пратеници, не ги третираат сопствените граѓани на еднаков начин и за овој состав на парламентот основа е Охридскиот рамковен договор. Знаете дека конфликтот беше

резултат на многуте репресалии кои се вршеа врз немакедонското население во РМ и тоа резултираше  со конфликт. После конфликтот двете страни се договорија преку еден македонско албански договор, со преговори и со помош на меѓународните фактори, а исто така имавме и декларација на претседателот Трајковски за амнестирање на поранешните припадници на ОНА а потоа овој парламент усвои закон за амнестија и од тој момент сите граѓани на РМ, независно од тоа дали е македонец, албанец, или припаѓа на друга заедница во РМ, е еднаков., ги има сите еднакви права и обврски како и секој граѓанин кој живее во РМ, затоа што активно учествува во општеството, активно учествува во фискалната политика, во приходите и расходите и учествува и во обврските на оваа држава.

Затоа, во оваа насока сакам да истакнам дека ние не сме против на оваа гарнитура да и се дадат пензиите, меѓутоа, исто така сме против на тоа, на албанските семејства, на албанските мајки, сестри и браќа да бидат дискриминирани во оваа насока.

Очекував од вас, г-дине министре, во името на Владата да предложите да се усвои уште еден закон или и овој закон да биде изменет и дополнет, со цел  законот да не биде посветен само на едната страна, туку и на другата. Да не ги земеме припадниците на ОНА, да ги земеме на пример семејствата кои  биле гранатирани и бомбардирани од страна на припадниците на вооружените сили, колку жртви имало во Липково, Џепчиште и другите села и градови на Западна Македонија. Доколку имаме заедничка согласност мислам дека таа согласност од договорот треба да се почитува и не треба со вакви предлози да ссе прават натамошни делби, затоа што доколкку продолжиме со надгласувања, тогаш е сигурно дека нема да имаме заедничка иднина и нема да бидеме во состојба да најдеме заеднички јазик, туку ќе се соочиме со една ваква делба каква што имаме денес. Додека ние како парламент, а тука мислам како и сите политички партии кои постојат во РМ, имаат претензии и аспирации да бидат членки, односно Република Македонија да се зачлени во Европската Унија, во НАТО и во другите меѓународни институции кои ни испраќаат јасни пораки  дека РМ може да опстои само доколку има целосна еднаквост меѓу сите граѓани во РМ, и независно од тоа што сме, треба да размислуваме само во оваа насока и само на овој начин. Секој што мисли поинаку, не оди во прилог на нашата иднина.  Тоа треба да ни биде јасно и не треба да има никаква дилема дали треба да работиме во оваа насока или пак повторно треба да почнеме со една фаза на надгласување на македонците врз албанците, затоа што вие сте мнозинство во овој парламент.

Затоа, имаше конкретни предлози од некои пратеници кои рекоа дека ова прашање треба да се разгледува во Комитетот за меѓуетнички прашања. Ајде некои прашања да ги разрешиме преку консензус. Тука не треба да се обвинуваме едни - други. Тука треба да бидеме свесни за реалноста. Сите ние знаеме и можеме да го кажеме тоа, меѓутоа, тоа го вели и меѓународниот фактор во Македонија, има една нова реалност. Не е таа Македонија која беше, кога Уставот беше донесен со надгласување на Албанците, туку ова е Македонија кога е донесен Устав преку еден договор меѓу Албнците и Македонците. Токму во оваа насока се нашите забелешки, затоа што ние не можеме да поддржиме акти кои и натаму значат дискриминација на македонците кон немакедонците во РМ. Токму оваа дилема е таа која сите ние заедно треба да ја обработиме и анализираме, затоа што ќе дојде времето кога ќе гласаме, ние знаеме дека мнозинството на пратениците се македонци и овој закон ќе помине. И тогаш што сме постигнале. Ние си подадовме рака едни на други и рековме, ветивме дека заедно ќе ја градиме оваа држава, секоја институција на оваа држава затоа што не може поинаку. Изминатата декада ни покажа и докажа дека не можеме да работиме да продолжиме и да одиме понатаму како што го правевме тоа порано.

Затоа, во оваа насока мислам и тоа е обврска на Владаа, меѓутоа, врз Владата треба да се изврши притисок од страна на пратениците, затоа што пратениците се претставници на народот и тие ги претставуваат граѓаните на РМ. Еве, ќе извршам притисок врз Владата дека треба да ги третира на еднаков начин сите граѓани, независно дали тие биле припадници на безбедносните сили или на ОНА, затоа што имаме едно помирување, има амнестија, затоа што конфликтот од 2001 година незнам како секој го дефинира тој конфликт, меѓутоа, за мене и за меѓународниот фактор, колку што јас сум имал контакт со нив, меѓутоа, и за голем дел на граѓаните на Република Македонија овој конфликт беше резултат на барање поголеми права за албанците во РМ, за демократија и демократизација на земјата. Доколку тоа е така, затоа што на една страна даваме права, а од друга страна и ги идземаме тие прва. Како можам јас - еве, јас сум пратеник избран од народот, да појдам во мојата база и да кажам: денес направив една голема работа. Иститe ќе ме прашаат што направи денес во парламентот во РМ, јас ќе им кажам дека гласав за еден закон дека ги дискриминира албанците во РМ. Тоа не можам да го направам и не можете да го очекувате тоа од мене. Не само што не можам да го направам, туку ќе правам обиди да ги заштитам не само албанците туку и другите, но само врз

основа на Уставните измени и Охридскиот договор и неговата целосна имплементација.

Во оваа насока денес ви се обратив и сите тие што се обратија мислам дека имаат цел навистина да се почне со една нова филозофија на делување. Во Македонија се е изменето. Може би некој тоа ќе го разбере подоцна, некои го признале, меѓутоа, не сакаат да го спроведат во практика. Тогаш сигурно ќе имаме проблеми меѓу себе. Доколку на овој начин имаме вакви спротивставувања и се поделиме на албанци и македонци, верувајте дека нашата перспектива ќе биде нула, нема да имаме воопшто перспектива во иднина.

Затоа, поддржав еден од предлозите на претседателот на Комисијата на ДУИ, кој рече дека за овој закон не треба денес да се дебатира, туку треба да остане за една друга сеанса, кога ќе имаме време да се договориме како да се направи најдобар закон кој ќе биде во интерес на сите граѓани.

На крајот би сакал уште еднаш да повторам дека во јавноста не треба Албанците да се карактеризираат дека тие не сакаат и се против давањето пензии на припадниците на безбедносните сили, туку напротив, албанците сакаат тој закон да се спроведе за сите нејзини граѓани, независно чии припадници биле тие. Уште еднаш сакам да повторам во РМ има Рамковен договор, има закон за амнестија и сите ние заедно се ангажираме. Верувам дека нема ниедна партија која сака да гради Македонија само на Македонците. Значи, доколку сите се залагаме за една мултиетничка Македонија каде што сите ќе ги имаат еднаквите права и обврски тогаш и во оваа насока и во идните предлози кои ќе бидат доставени од страна на Владата во овој парламент треба да изнајдеме начин и да изнајдеме заеднички јазик за да излеземе од оваа ситуација во која несакајќи влеговме, или пак која ни ја сервира некој намерно.

Затоа, нема да можам да гласам за овој закон, затоа што тука фактички сум дискриминиран и не сум еднаков, така како што е предвидено со Уставот и со Рамковниот договор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор министерот за труд и социјална политика, г-динот Јован Манасијевски.

ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Очигледно на место беше мојот апел до пратениците, затоа што дискусијата се развива во еден комплетно погрешен правец што ја изместува и самата суштина за ова за што денеска дебатираме.

Законот што денеска го донесуваме, што го дополнуваме носи прецизен наслов за посебни права на припадници на безбедносни сили на Република Македонија. Тој се однесува подеднакво на сите припадници на безбедносните сил. И, кога одредени пратеници говорат дека овој закон треба да ја има предвид иднината, токму така, овој закон ја има предвид иднината. Според Рамковниот договор веќе се врши забрзан прием на припадници на етничките заедници во МВР во професионалниот состав за Министерството за одбрана. Овој закон важи и за нив.

Пратеникот Вејсели прашува - како јас да се вратам во својата база и да им кажам што сум направил денес?

Господине пратенику Вејсели, ќе се вратите во својата база и гордо ќе им кажете дека сте донеле закон кој што, во иднина, за секој загинат припадник на безбедносните сили ги обезбедува сите права. Ние пред неколку дена испративме одделение во Авганистан. Во една многу ризична земја, каде на секој чекор има подметнати мини. Неколку членови од тоа одделение беа припадници на Вашата етничка заедница г. Вејсели. Што ако некој од тие, не дај Боже, загине? Вие ќе треба на неговото семејство да му објасните дека во Парламентот сте биле против тоа, неговото семејство да добие семејна пензија, неговото семејство да добие еднократен паричен надоместок и сите права што ги регулира овој закон. Овој закон се однесува на сите припадници на безбедносните сили. И, овој закон, навистина мотивиран од конфликтот, меѓутоа решава едно прашање што секоја држава мора да го има решено. Која е таа посебна грижа што државата мора да ја има за припадниците на безбедносните сили и за нивните семејства? Затоа што тие таму извршуваат должности дадени од државата. Оттаму апелирам, токму поради тоа, дека е овој закон насочен кон иднината, сите, да бидеме толку кратковидни. Јас сум навистина изненаден од кратковидоста на одредени дискусии.

Господа пратеници, Вие им го одземата правото на, не дај Боже, идните жртви утре, а оваа работа е таква. Кога сте припадник на безбедносните сили, никогаш не знаете кога може да ве задеси најлошото. Со овој закон им даваме елементарна сигурност на тие луѓе кои застануваат во извршување на задачите на државата, дека барем нивните семејства, иднината на нивните семејства е обезбедена.

Доколку не се гласа за овој закон, Вие господо пратеници кои нема да гласате, им го одземате тоа право. Тоа е сериозна одговорност. Но, се разбира, вие ќе си ја донесете одлуката за тоа.

Прашањето што беше покренато за другите жртви во конфликтот, кои не припаѓаат на безбедносните сили, е исто така комплексно. Меѓутоа, не може да биде решено во овој закон. И, кога говорите за другите жртви, тие не беа само од една етничка заедница. Имаше таму и албанци и македонци и од другите националности, жртви на конфликтот кои не беа припадници на безбедносните сили. Меѓутоа, тие не можат да бидат третман на овој закон. Овој закон ги третира посебно припадниците на безбедносните сили, затоа што е нужно државата да застане, тие луѓе извршуваат многу одговорни задачи и нужно е државата да им даде сигурност дека со одредена законска регулатива иднината на нивните семејства е, колку - толку, обезбедена.

Оттаму, овие дополнувања се длабоко хумани. Воопшто не се дискриминативни. Се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија кои се припадници на безбедносните сили и оттаму, затоа и на почетокот реков, поддршката на ваквиот закон ја сметам само за разбирлива.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Беше спомнат господинот Вејсели, повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине министре, сигурно не се разбравме, бидејќи се преведува. Можеби преводот не беше адекватен. Или пак не сакате да се разбереме. Можеби преводот е во ред. Тоа се две прашања за кои што можеме да разговараме.

Никој не го негира ова што вие го предложивте. Неколку пати реков. Но, повторно сум на ставот дека, со кој закон ќе се бранат албанците кои станаа жртва во конфликтот? Никој не негира дека во безбедносните сили на Република Македонија имало и албанци. Тоа некој не го негира. Имало, тоа ќе важи и за нив.

Но, јас многу добро ви реков дека ова прашање малку е и политичко прашање. Според договорот што ние го постигнавме, по уставните измени кој ќе им ги надомести штетите на мајките, браќата, сестрите, на оние кои беа гранитирани од страна на безбедносните сили во Слупчане? Оние кои беа гранатирани во Порој? Војниците кои заминаа во редовите на ОНА за остварување на правата, слободите, за демократизација, за демократизација на земјата? Јас така ја дефинирав таа војна. Така ја дефинираа и меѓународните фактори. Доколку има нешто поинаку, можеме да разговараме и за тоа. Но, јас реков, не е во ред за еден да бидеме мајка а за друг

маќеа. Ова е. Јас не го негирав тоа. Од хуман аспект не е во ред. Не се спротивставуваме на тоа некој да добие пензија. Но, се бориме и другиот да добие и тој да биде опфатен во законот. Доколку со овој закон не може, предложете и ветите пред овој Парламент дека ќе биде донесен закон каде што тие ќе бидат објект, цел на тој закон. Некој мора да ги покрие овие работи.

Затоа, во оваа насока да не се заминаваме со ова. Дека не е добро да се гласа, туку да се гласа. Земете обврска, од името на вашето министерство, од името на Владата, доколку земете таква обврска, тогаш сигурно можеме да разговараме и поинаку.

(Дофрлање од место).

Господине Жерновски, дали вам ви даде потпретседателката право за реплика? Мене ми беше дадено право за реплика бидејќи беше спомнато моето име.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јавува г. Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитуван министре, колеги пратеници,

Навистина сакав да го сфатам добронамерно вашиот апел и во тој контекст би сакал да се вклучам во дискусијата, меѓутоа за жал дискусијата отиде во друг правец, не по наша вина, туку сепак по вина на претставниците на Албанската национална заедница која што навистина ја помести точката од дневен ред, апсолутно во друга насока.

Сакам да кажам дека ние денеска не го носиме законот за правата на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, туку носиме само закон за дополнување на тој закон. Што значи дека сите овие дискусии беа предмет на дискусија во она време кога се носеше тој закон. Факт е дека тој закон се донесе во 2001 година. Како се донесе, со чие мнозинство, на граѓаните на Република Македонија им е многу јасно.

Да ви кажам искрено, и тогаш и сега го тврдам истото и сакам да потенцирам дека и тогаш бев апсолутон за донесување на ваков закон, го поддржавме, го донесовме, изгласавме и лично се гордеам како пратеник што Република Македонија донесе еден ваков закон. Морам да констатирам, тоа е многу малку, можеби најмалку од она што оваа држава можеше да направи во делот на припадниците на безбедносните

сили и членовите на нивните семејства. Но, се јави една волја, тој закон се донесе како што се донесе, факт е дека времето во кое што се носеше диктираше и поставуваше такви услови што сепак се носеше во 2001 година, бевме опкружени со тежина на јавното мислење, во јавноста имаше доста реакции така што во самото донесување не е чудо да се направил одреден пропуст, односно, нели, се интервенираше на албански, не се направи онаа содржина и оној текст каков што денеска го имаме. Апсолутно е исправно и апсолутно е потребно Владата да достави еден ваков предлог. Јас би го пофалил министерот кој сепак како приоритет на оваа Влада и неговиот ресор, што го достави во релативно брз временски период, затоа што сметам дека е ова многу битно прашање и за иднината на Република Македонија, а особено за сите нејзини граѓани.

Значи, зборувам и во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ние, апсолутно овој закон што денеска ни е на дневен ред, аналогно на она што претходно сме го донеле, апсолутно ќе го поддржиме и тоа во целост. Сметаме дека сите, целите се три во кои што задира овој закон, тоа е утврдување на услови за стекнување на право за семејна пензија, член што не постоеше што требаше да се обработи, со овој член тоа се обработува, значи се регулира тоа право. Апсолутно исправно. Министерот не кажа, јас ќе го дополнам дека втора намена и цел на предлагачот е да се опфатат и припадниците на безбедносните сили на Министерството за одбрана кои го загубиле животот во војните во некогашна СФРЈ. Тоа не е за потценување, затоа што и тука загинаа наши деца. Во секој случај тоа е добро решение. Можеби најбитното тоа е еднократната парична помош што се прецизира или се врзува со репер од јануари 2001 година, што сметам дека ќе биде аналогно и вистинско и реално исплаќање, затоа што оној просек од 40 плати, навистина под дејство на инфлацијата итн, можеше буквално да не значи ништо.

Законот е апсолутно во ред, целите се апсолутно оправдани, ние како пратеничка група тоа ќе го поддржиме.

Но, дозволете ми сепак да кажам неколку реченици, мотивирам од она што овде се изнесе особено во делот на пратениците од албанската заедница.

Јасни се намерите, од сите дискусии иако кај одредени пратеници се заобиколуваше да се каже. Господинот Вејсели директно кажа. Значи, јасна е политиката, односно сите пратеници што ги слушнав, нивната цел и нивната аргументација е да се стави знак на еднаквост помеѓу безбедносните сили и тогашната, т.н. ОНА. Значи, жртвите нивни и жртвите на безбедносните сили. Тоа е јасната индиција. Се зборува, се спомнуваат наводно жртвите при бомбардирањата итн, меѓутоа тоа се цивилни

жртви, работа што се решава со друг закон. Овде станува збор за безбедносни сили и за жртвите во таа војна.
Некој го користи терминот конфликт. Јас за такво користење на тој термин воопшто не сакам да спомнам, туку терминот војна. Затоа што Република Македонија во 2001 година беше соочена со војна или со чиста агресија. Никогаш нема да го прифатам поимот еднаквост помеѓу безбедносните сили на Република Македонија и т.н. ОНА, независно дали нејзините припадници се денеска членови на оваа Влада. Не може со тоа некои кои беа предизвикуважи и ја водеа војната, денеска оддеднаш да си ги измијат рацете и со чисти раце, како што некој милува да каже, да се заборави се.
Господо, тешко можете да ни го исперете мозокот. Исто така не болуваме од амнестија. Многу добро памтиме што се случи и тоа ќе го памтиме, го памтат и граѓаните.
Според тоа, само да ве потсетам на неколку работи. Кога се зборува за некаква еднаквост, треба да ве потсетам  на една работа, безбедносните сили на Република Македонија не ја предизвикаа војната. Апсолутно немаа намера тоа да го направат. Војната ја предизвика некој друг. Тоа ви е вам многу добро познато.
Кои беа причините? Овде г. Вејсели спомна дека тоа биле човекови права, борба, демек морало да се земе оружје за да се дојде до промена на Устав, за она што денеска го уживате?! Факт е дека тоа не беше целта. Не знам кој мислите дека во тоа ќе ви поверува. Па и мало дете во Република Македонија знае која ви беше целта.
Основната цел, господо, ви беше разнебитување на државата, чисто и јасно. Меѓутоа, некој ве притисна. Некој создаде притисок, особено Меѓународната заедница да во делот кога отидовте предалеку, кога почнаа да паѓаат жртви, во тој дел оддеднаш се трансформиравте, под притисок на некој друг пак ќе кажам, и оддеднаш ги трансформиравте и преправивте правата од борба за разнебитување до борба за човекови права.
Јас ви тврдам и тоа сум го кажал, сега ќе ви потврдам, многу пати, доколку тоа била основната идеа, основната концепција на албанската заедница, никогаш тоа не било проблем. Во Македонија, од 1990 година, наваму сите бевте сведоци, вклучени се сте во сите демократски процеси, во власта. Не морало да се земе оружје и со оружје да се решаваат некакви човекови права, промена на Устав и ова што денеска го гледаме. Еве го, не е никаква трагедија, денеска припадниците на ОНА, до вчера ги нарекувавме терористи, денеска се членови на Влада или членови на Парламент. Значи, немало проблеми. И, доколку ДУИ постоеше пред конфликтот, што вие милувате да кажете, пред војната, доколку ја имаше поддршката на албанската

групација, популација ќе беше исто така дел на овој Парламент, ќе беше исто така дел од Владата. Прашањето е со која цел и со која намера дошле?

Затоа, сакам само да потенцирам една работа, да не заборавиме, безбедносните сили на Република Македонија беа тие кои ја бранеа Република Македонија. За нив треба со гордост да зборуваме. Тие, според Уставот и законите во Република Македонија, имаа право и должност да ја бранат Република Македонија од онаа агресија што е т.н. ОНА или УЧК или како сакате милувајте, ја направи во Република Македонија, потпомогнато од разни други фактори.

Зарем не ни е јасно и мислите дека не знаеме дека во таа војна или во тој конфликт како што вие милувате да кажете, дека имаше и други структури? Зарем беа само граѓаните на Република Македонија? На кого му објаснувате? На сите ни е јасно како од Косово влегуваа, како КЗК беше смешана, да не ги враќам работите, секому е јасно.

Според тоа, знак на еднаквост не може да има, во никој случај. Знак на еднаквост нема помеѓу агресија и бранење. Секоја суверена држава, Република Македонија е суверена држава, има право и должност да ја брани својата територијална целовитост, интегритет итн. Тоа е уставно право и уставна надлежност. Исто и вие, господа, кои до вчера ги држевте пушките, овде се заколнавте пред тој Устав, вашите членови на Влада се заколнаа пред Уставот дека ќе го бранат територијалниот интегритет и суверенитет на оваа држава.

Еве, денеска сме сведоци, баш сакам да видам, не посакувам да се случи она што се случи, но баш сакам да видам како ќе делувате и во кој правец? Еве, вчера слушнав дека некој таму во Липково прогласил слободна територија. Некој таму ве повика - припадниците на безбедносните сили, не сакам да го кажам името кој е, но повика припадниците на безбедносните сили, на оние сили што сега ги создаваме, согласно Рамковниот договор што милувате да го спомнете, мултиетнички итн, да ја напуштат, нели имате проглас, таков проглас да ги напуштат безбедносните сили, затоа што тие, кои сега повторно ќе внесат немир во Република Македонија, не знаеле дали во тие сили имаме македонци или албанци, па да не случајно некој албанец загине и да не можат да го препознаат во униформа. Баш сега сакам да видам како конкретно се однесуваат членовите на владината коалиција, тука би го спомнал ДУИ, значи како вие ќе делувате. Тоа е многу интересно прашање. И добро е уште поинтерес одговор да видиме дали навистина сите овие заложби што ги гледаме во демократските процеси, презентирајќи се преку таа партија што ја имате, дали навистина ќе ги спроведувате така како што овде барем кажувате?

Ако е така, ако Република Македонија навистина добие партнер во вас, за многу можеби изненадување, можеби за некого не, но ако навистина застанете зад онаа заклетва што ја дадовте дека ќе го чувате територијалниот интегритет, тогаш можете да ме разубедите дека можеби сте се бореле за некакви човекови права. Но, времето ќе покаже. Јас би сакал токму тоа да се случи, односно да не дојде до конфликт и да се покаже вашата волја како Република Македонија, држава за сите. Но, страхувам, со оглед на најавите што ги слушам, страхувам дека тој правец ќе се изгуби.
Затоа ќе завршам, нема многу да дискутирам, повторно ќе кажам, тешко можете мозокот да ни го исперете, памтиме што се случи, знаеме што се случи. Затоа го поздравувам овој закон, ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група ќе го поддржи и апсолутно ќе го гласа.
И друго, кога сум веќе на говорница, сакам да му сугерирам на министерот, со оглед дека се работи за негов ресор, господине министре, кажав во однос на ова што го предложивте, би ви обрнал само на една сугестија. Значи, во иднина, со оглед дека ова припаѓа на вашиот ресор, тука е и Министерството за одбрана, проектот е заеднички, имајте го во предвид, со оглед дека до нас како пратеници доаѓаат доста здруженија, на резервисти, на вакви и такви, добро ги знаете, со одредени барања што бараат да бидат вклопени во еден ваков законски проект, значи да не заборавиме дека и тие луѓе учествувале во одбраната на државата, дале дел од својот живот, дале жртва во своите семејства, значи размислете понатаму како Владата како можеме тоа прашање да го регулираме. Значи, за резервниот состав, за она учество што го имале, во зависност од материјалната состојба на Република Македонија, но факт е дека треба да се покаже една волја, да ги вклучиме и тие луѓе кои активно учествувале во одбраната на земјата во овие проекти што сега ги предлагате.
Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор се јави г. Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Навистина очекував дека дискусијата ќе се развива токму како што е дефиниран дневниот ред, односно за предлогот за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства. Имаше и такви дискусии што одеа во насока да се подобри текстот, да се усоврши Предлог - законот и се со цел за негово полесно применување, се разбира обезбедување подобра и поквалитетна заштита и на припадниците и на членовите на нивите семејства. Сето тоа не е спорно и јас сум уверен дека никој не го доведува во прашање донесувањето на овој закон. Напротив, сепак имам чувство дека произлегува поддршка за донесување на законот.

Меѓутоа, и заради насоката по која што почна да се води дискусијата, сакам да изнесам неколку напомени.

Закот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства, уште од денот на неговото донесување, а и сега, со овие дополнувања што се вршат, никогаш немам цел и немал интенција да дискриминира, да раздвојува и да дели.

Во потврда на ова, уверен сум дека права, според овој закон имаат остварено припадници на безбедносните сили, членови на нивни семејства и, ако сакате уште попрецизно и македонци и припадници на заедниците. Не гледам тука никаква делба, никаква дискриминација. За жал, во овој момент не располагам со податоци и бројки, меѓутоа тоа е веројатно и најмалиот проблем преку надлежните институции да се изнесат и да се извадат такви податоци.

Проблемот веројатно е во друго. Проблемот е што, малку заради политички маркетинг а малку и да се држи една тензија на политичката сцена во Република Македонија, па и по овој повод се користи да се каже и она што е потребно и она што не е потребно.

Не велам дека покренатите прашања не стојат. Сигурно стојат, меѓутоа нивниот карактер сега во овој момент не им е местото да ги елаборираме и да расправаме по нив и да изнаоѓаме решение. Впрочем, дури некој во дискусијата бараше и гаранции и ветување од министерот дека тие и тие отворени прашања за жртвите ќе бидат решени. Јас велам без оглед далки во овој момент министерот ќе го вети тоа, или не, важно и битно е дека прашањето и проблемот на жртвите од воениот конфлкт стои. И ние сакале, или не мора еден ден да го отвориме, да го анализираме и конечно да го решаваме. Не можеме сите работи да ги врзуваме, простете ми на зборот, ама малку паушално, и за Рамковниот дгоговор и за амнестијата кога се е јасно и прецизно дефинирано. Впрочем, барем во делот на

Рамковниот договор на повидок е веќе и програмата за неговата имплементација и јас верувам дека веројатно и вакви прашања какви што денеска се отвораат ќе најдат место и простор во имплементацијата и решавањето на проблемите и според Рамковниот договор.

Конечно, јас нема што повеќе да должам, освен уште еднаш да ја изразам подршката за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон и да се надеваме дека и припадниците од другите заедници, ако не сега, во некоја иднина, се разбира не кој знае колку далечна, дека ќе имаат можност и прилика и самите да учествуваат во решавањето на правата и на жртвите без оглед дали тие се македонци, или припадници од другите заедници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувана потпретседател, почитувани колеги,

Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили во Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон е само еден предлог со кој се конкретизираат некои прашања кои се поврзани со условите и начинот на искористување, на живеење на некои права, вклучително тука е правото на семејна пензија предвидено со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства што е донесен во 2001 година. Материјата која е содржана во овој закон од општа гледна точка со ова се регулира и прашањето на семејната пензија и Законот за здравствено осигурување. Значи, во овој закон во принцип се предвидени како општите услови, така и посебните услови за реализација на ова право. Поаѓајќи од овој аспект мислам дека Предлог законот ги исклучува овие принципи и целата материја ја заснова врз ова исклучување што според мое длабоко мислење од формален аспект не е во ред.

Од друга страна имајќи во предвид дека овој закон не ги регулира на еднаков начин прашањата кои се третираат од страна на овој закон и за членовите на семејствата на албанците, значи не ги регулира на еднаков начин правата на сите

жртви од конфликтот. Потврдувам дека ќе гласам во согласност со ставот на пратеничката група на ДУИ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

На дневен ред е Предлогот за донесување на закон за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Јас би сакал да дискутирам малку за овој предлог. Пред се, би кажал дека го подржувам овој предлог и сметам дека е на место неговото донесување. Само би дал мало образложение во тој смисол. Имено, јас сум од општина Гази Баба која се граничи со село Арачиново, село од каде што во 2001 година беше едно од најголемите закани за градот Скопје и за Република Македонија воопшто. Понепосредно сум запознат и со сите ужаси и страотии кои доаѓаа од таму и ги заплашуваа луѓето од населените места и општините кој што граничат со ова село. Би напоменал дека од овие општини има и неколку загинати во воените дејствија во 2001 година. Значи, меѓу 100-те загинати тука се и Роберт од Бунарџик, Драго од Марино, Игор од Инџиково кои што се жители на општина Гази Баба. Значи, запознаен сум и со жалоста на овие фамилии кои што ги изгубија своите синови во овие дејствија. И затоа особено го подржувам овој закон. Сметам дека требаше и порано, меѓутоа беше еден сегмент кој што остана, а тоа е шестата глава.

Тука сакам да кажам дека овие луѓе членови на безбедносните сили кои го фатија оружјето во 2001 година треба особено да им одадеме почит бидејќи тие го ризикуваа најсветото што го имаа, а тоа е својот живот, го ризикуваа за да ние денеска побезбедно живееме, го ризикуваа за да Македонија остане стабилне и да остане таква каква што е денеска. Јас само би напоменал дека овие се претежно од сиромашни семејства и овој закон особено ќе им дојде добро. И сигурно дека е најмалку она што може да им помогнеме на семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили.

Би напоменал деак овие луѓе, особено пак би рекол во делот на општина Гази Баба особено во руралниот дел повеќе од 95% се одзваа на повикот да го земат оружјето и да ја бранат Република Македонија што не би рекол дека е

случајот и со општина Центар. Зошто е тоа така ќе кажат понатаму анализите. Значи, овие луѓе имаа смелост, имаа желба, имаа идеја, имаа чувство за одбрана на Република Македонија. И затоа ќе напоменам дека ова е најмалото нешто што можеме да го сториме за нив.

Меѓутоа, покрај ова јас би се надополнил на дискусијата на господинот Жарко Караџоски дека треба да обрнеме малку внимание и грижа, не е во контекстот на овој закон, меѓутоа, би ги замолил министерствата кои што се надлежни за ова, да поведат грижа и за преживеаните, т.е. за живите припадници на безбедносните сили кои што за нивна среќа останаа живи. Тука пред се би ги спомнал Лавовите и резервниот состав на полицијата и на Армијата кои исто така беа на првите линии, барем јас го знам тоа лично. Тоа се случуваше во општина Гази Баба на потегот од Раштак па се до Бучинци, да не ги набројувам селата кои што беа околу Арачиново, во кои што деноноќно луѓето од резервниот и од активниот состав беа на барикадите. Овие луѓе денеска се изложени на една медиумска кампања, од нив се прават криминалци, насилници, неморални. Би сакал да потенцирам дека од случај се прави правило. Значи, ако има некој таков случај, ние веднаш го правиме правило. Ако некој Лав некаде се степал, сите лавови се тепачи, сите лавови се криминалци. Би сакал да се погледне и од другата страна. Да се вратиме во 2001 година, да се вратиме во времето кога на повикот на безбедносните сили кои луѓе се одзиваа? И да замислиме што ќе беше доколку тие луѓе не се одзваа. Да заборавиме дека имаше доста инсинуации дека е фингирана војна, наместена војна, војна на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа треба да го заборавиме. Треба да се ставиме во состојба што ако ние бевме таму, што ако тие не се одзваа во толкав број колку што требаше да се одзват. Тука би спомнал и за лавовите и за резервниот состав на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Особено сега, затоа што овие денови почнува активно отпуштање на резервистите. Тие луѓе се без егзистенција. Од 2001 година до сега тие се во резервниот состав. Би требало соодветните министерства и Владата на Република Македонија да размислат за нивната судбина, бидејќи сепак, тие покажаа еден голем степен на патриотизам.

Би сакал, исто така да го споменам, малку да се осврнам и на говорот на господинот Вејсели кој што кажа дека војната во 2001 година била војна за демократија, па ги посочи селата Слупчане и Порој. Јас само би го прашал господинот Вејсели, што се случува со македонците во Арачиново кое сега е 102% етнички чисто со албанци. Што се случува таму со демократијата, или заборавија дека постои поимот демократија. Па тие луѓе не смеат да се вратат, освен преку ден

за да ги видат своите куќи. И тоа е случај не само во Арачиново, туку и во тетовскиот и кумановскиот регион. Што се тие криви за таа војна? Мислам дека ја одбраа најлошата опција за демократија, за постигнување на демократијата. И што е најважно создадоа една лоша пракса, еден преседан, значи со војна остварување на божемни човечки права. Да не набројувам дека во 2001 година во кои се институции имаше од албанската заедница, од министри, амбасадори, директори на јавни претпријатија, во полицијата, во одбраната. Нивниот процент можеби не беше доволен, всушност и самиот процент е спорен и на пописот е спорен. Меѓутоа, се одеше, активно се одеше тој процент да се подобри. Во Парламентот беа застапени во многу голем број. Затоа мислам дека не треба да се злоупотребува тоа што се случи во 2001 година, туку да се признае дека тоа беше војна, дека беше агресија врз Република Македонија. Бидејќи со тој пример во иднина секој оној кој што сака да влезе во власта во Република Македонија ќе го фати оружјето и ќе се бори за божемни човечки права, ќе ги заплашува луѓето и од својата заедница ќе потенцирам и од својата заедница, бидејќи се повеќе читаме дека и самите албанци се плашат од делови кои што се од расформираната ОНА. Да не зборувам за македонците.

И уште нешто што испуштив, а сакам сега да го кажам, за лавовите и за резервниот состав јавно би сакал да го кажам дека се прават списоци во терористичката ОНА кој што се учествувал во војната. И доколку овие луѓе ја симнат униформата, уште сега им се закануваат и ги заплашуваат, им се јавуват телефонски зошто тие учествувале во таа војна? Требало да седат дома, да седат мирни, за да можат припадниците на ОНА слободно да си шетаат низ Република Македонија и да го постигнат тоа што мислеле да го постигнат. Мислам дека ова што сега го кажав не е така неважно. Напротив, Владата треба да обрне особено внимание на тоа. Инаку, пак ќе потенцирам, ние ќе го подржиме овој закон онака како што е предложен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека сега треба да прогласиме пауза.

Само една работа би сакала да кажам, за време на говорите на последните 5, 6, 7 говорници имаше излегување надвор од темата. Имаше реакции од место од повеќе говорници. Меѓутоа, намерно не прекинав никого. Инаку, имаше излегување од темата речиси од сите говорници кои што дискутираа. Не прекинав никого заради деликатноста на темата. Мислам дека имате разбирање за тоа.

Сега прогласувам пауза од еден час.

Ќе продолжиме со работа во 15,оо часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот.)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Томиќ, задоволен сте.

Благодарам.

Господинот Исмет Рамадани има збор.

Ве молам да се створат услови за работа.

Пред господинот Рамадани, господинот Вејсели има право на реплика на излагањето на Коце Трајановски.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Бев споменат од пртеникот Трајановски во неколку сегменти, но најзначајниот е следниот.

Јас  и при мојата дискусија претходно, но колку пати да се споменам доколку има право на реплика ќе останам на мојот став дека секогаш очекувам заедно почитување, доколку нема едно такво почитување тогаш мислам дека неможе ни да има просперитет во иднина. Ги спомна  македонците од Арачиново. Јас би му се обратил на господинот Трајановски за ова да го запраша господинот Исмет Рамадани затоа што тој ќе даде поадекватен одговор на ова прашање. Додека што се однесува до другите реселени, кои се раселиле од сопствените домови и земја, мислам дека тука господинот пратеник беше еднostран и пристрасен, затоа што кога спомна за македонците кои се раселиле од своите домови воопшто не спомна дека има и албанци кои се раселени од своите домови како што се тоа албанците од Танушевци, Бреза, Малино и да не ги спомнувам другите. Затоа јас ги почитувам сите оние кои ги бранат граѓаните на Македонија, оние независно од нивната национална припадност затоа јас и ти треба да бидеме заедно засегнати како за едната страна, така и за другата, како за македонците така и за албанците.

Ви благоддарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал само да напомнам дека излагањето на господинот беше еднострано, практично ги застапуваше само правата на својата заедница. Пак ќе напомнам не споменувајќи го Арачиново и тоа што се случи со македонците во Арачиново. И тука повторно сакам да напомнам дека пратениците од албанската заедница за време на воениот конфликт многу малку дадоа придонес кон стабилизацијата на состојбата, бидејќи знаеме дека тие можеа и мораа да помогнат за смирување на тие состојби особено во конфликтните региони.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме со дебата по законот. Не се однесува на наредниот дискутант, она што ќе ги замолам сите пратеници, имам впечаток дека темата посебно се префрли во друга сфера, да се вратиме на точката на дневен ред и неа повеќе да се фокусираме.

Господинот Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувам претседателе, почитувани колеги претставници на Владата.

Колку и да имам сосема сопствен имиџ или слика на пратеник кој што се обидувам да балансирам и во вакви ситуации кога се соочуваме со чувствителни прашања, дури од моментот кога се гласаше за повлекување на овој закон или за негово останување на дебатата, веднаш разбрав и искуството ме има научено дека ќе се отвори, дека ќе се отвори една ваква дискусија, дека ќе се поделиме на национална основа, а надгласувањето на национална основа мислев дека нема да продолжи после склучувањето на Охридскиот договор и по конфликтот, затоа што јас сум сведок на 12-годишното надгласување врз национална основа и се сеќавам на моменти кога тој што го надгласува другиот ќе се есклатирал и сум мислел дека ќе дојде до време кога ќе ја научиме лекцијата, но сега за сега, тоа не е случај. Тука воопшто не би го обвинил ниту критикувал министерот за труд и социјална политика, што тој предложил само еден сегмент за тоа што значи помош или привилегија,

зашто не ми е разјаснето и на нас не ни е разјаснето што беше вооружениот конфликт од 2001 година. Дали ние сме дале целосна дефиниција за тој конфликт. Ние и натаму од различни причини, опозиција позиција, деструктивна, недеструктивна, разни квалификации од маркетиншки причини. Некој вели дека тие биле терористи, друг вели дека тие биле востаници, трети велат дека тие биле борци за слобода, за други нешто друго. Значи се додека ние имаме институционална дефиниција, официјална дефиниција, државна дефиниција на овој конфликт, ние во разни сегменти и во разни ситуации ќе се соочуваме со прашања за кои кога ќе излеземе на говорница ќе си кажеме едни на други. Жал ми е што од албанската страна се говори вака и веднаш албанецот ќе стане и ќе рече жалам што тој од македонската страна говори така, или зошто ги разбира работите на тој или на тој начин. Видете го гласањето за оние кои го повлекоа, видете го списокот на оние кои гласале за повлекување на овој закон и оние кои беа за останување на тој закон за дебата. Што зборува овој список? Ве повикувам да размислеме малку и како луѓе, како одговорни луѓе, како интелектуалци, дали можеме да продолжиме на овој начин. Да се качиме малку погоре и да видиме во која категорија сме ние политичарите. Пред малку зборував со некои колеги и им реков на денот на Прочка граѓаните на сите им простуваат освен на политичарите. Ќе застанеме малку. Сигурно нешто не е во ред, штом јавноста така мисли за нас. Значи ние сме во една ситуација кога не го почитуваме тоа што го кажале умните луѓе, или тоа што го прават умните. Тие момци кои беа убиени, припадници на безбедносните сили и оние други момци албанци кои беа убиени. Некој нив ги повикал да учествуваат во таа војна. Некој им наредил. Ве молам, и ние сега сите што сме тука да ги уживаме сите наши привилегии, пратеници, министри и тн., тука ова се однесува на сите и за колегите македонци и за колегите албанци. А овие момци кои ги загубиле своите животи да мислиме поинаку. На крајот на краиштата што ние разбираме со ресоцијализација. Што подразбираме под тој збор, можеби ресоцијализацијата како трет анекс на Охридскиот договор се однесува само на нас, или на припадниците на ОНА, кои се живи и кои можат да станат полицајци и можат да влезат во институциите. А кој ќе ги ресоцијализира и како ќе ги ресоцијализираат семејствата на оние кои загинаа. Кој ќе ги ресоцијализира нив. Тие неможат да влезат, неможат да се вработат. Ним треба да им се даде оваа помош која им се дава на безбедносните сили. Јас знам дека е тешко за еден македонски пратеник денес да прифати да им се даде посебно помош на семејствата на оние албанци кои загинаа во текот на конфликтот. Јас знам дека е тешко и верувајте дека верувам дека ви е

тешко, но ставете се и вие на мое место. Обидете се и вие да ја видите колкава е нашата тежина. Таа тежина ние треба да ја споделуваме заедно. И кога се оформи Владата јас ви реков дали знаете вие колку јас ја почитувам, ја ценам и сигурно не само јас, ја ценам коалицијата СДСМ и ДУИ. Јас тоа го ставам на ниво на државните интереси. На највисоко ниво на државните интереси, независно од политичката локација, кој од каде доаѓа. Сигурно е дека било тешко за двете страни. Сигурно дека е тешко и ден денес и за ДУИ и за СДСМ и за другите. Меѓутоа, кога ќе се превземе една одговорност, една тежина, еден товар за да се создаде таква коалиција во интерес на државата, тогаш треба да ја превземеме политичката одговорност и за вакви прашања и за вакви случаи. Треба да се надминеме самите себе. Знам дека е тешко.Знам дека е тешко тоа да се надмине, меѓутоа, еве, историјата ни наложи и вакви ситуации. Јас еднаш веќе Фокојама, некој би рекол друго не си читал. Го цитирав дека доколку политичарите, учителите, професорите направиле повеќе за оние млади, тие не би умреле за идеали. Не би загинале сигурно за некои идеали. И овие припадници од безбедносните сили и другите момци и за нив важи истото. Не можеме само нив да ги обвинуваме зошто тие загинале, а ние да ги уживаме привилегиите. Јас ова го велам со длабока искреност. Не ми треба никаков маркетинг. Доколку сум правел маркетинг јас 12 години сум се изгорил на оваа говорница. Не ми треба. Јас уште во текот на разните надгласувања, дури гласот на ПДП не се ни слушаше. Бевме во таква ситуација затоа што другите не не разбираа. Јас ги прашувам другите каде ќе бидат после 12 години. На извесен начин јас бев тука спомнат во случајот на Арачиново и жалам што од тука ќе излезам од контекс, меѓутоа, другите се оние кои ме изнесоа надвор од контекстот. Би сакал да ги потсетам оние кои не го знаат во момент кога силите на ОНА влегоа во Арачиново. Јас ако се сеќавате имав средба со претседателот на државата и тоа во време кога планот на НАТО преку Солана и претседателот на државата беше само во воспоставување на една рамка кога се потпиша Рамковниот договор. Работата беше при крај, меѓутоа некој не сакаше да чека. Тој план да се реализира без војна во Арачиново. Некој сакаше да манифестира сила. Да го манифестира сиот воен арсенал за да разруши 1500 куќи кои денеска со големи тешкотии се градат. А постоеше алтернатива. Алтернативата беше многу блиску. Решавањето на проблемот преку разговори беше многу блиску. Сега се соочувме со една ситуација која ја истакнува мојот колега Коце Трајановски дека македонците не се враќаат во Арачиново. Но има и многу албанци кои не се вратиле во Арачиново. Меѓутоа, јас го поставувам прашањето кој ќе ми одговори мене или кој им одговара

реално на оние граѓани да им каже кој ги бомбардираше нивните куќи. Кој ги разруши оддалеку нивните куќи. Кој? Јас се извинувам што малку сум емотивен, меѓутоа навистина прашањата мора многу полека и разумно и од сите димензии треба да се објаснат, со цел да не дојдеме во ситуации на сегментарен начин да се доведеме во ситуација да ја прифатиме оваа измена ако ја предложил министерот за труд и социјална политика. Ние повторно ќе се соочиме со ваков вид на измени, на ваков вид на закони, затоа што не сме ја дале дефиницијата, не сме го дефинирале тоа што конфликтот, вооружениот конфликт од 2001 година, и доколку продолжиме и натаму така преку медиуми, преку разни изјави дека тогаш тие беа терористи, беа вакви, беа такви. Тогаш значи дека ние сме во една ситуација каде не сме расчистиле со оваа работа. Да ги гледаме работите на овој начин. Јас знам дека овие семејства кои ние инсистираме на одреден начин можеби не преку оваа категорија, меѓутоа евентуално и преку некоја друга категорија или преку некој друг закон да мислиме дека тие апсолутно треба да се ресоцијализираат и да им се помогне затоа што паѓањето на една бомба на една граната некаде, не убиваше само војници, убиваше и деца цивили и седумгодишни деца и бремени жени. Значи имаме многу тешки случаи во овие ситуации. На крајот на краиштата многу бргу, многу често се очекува лојалност кон државата што е многу добро впрочем. Посебно од албанците се бара лојалност кон државата. Доколку тие семејства кои изгубиле многу во текот на војната за кои ние инсистираме да им се даде одредена помош, помошта им се дава од други извори, не државни, тогаш се поставува прашањето кога и како ќе се ресоцијализираат тие семејства и кога тие ќе го возвратат со лојалност кон државата доколку државата не покажува никаква грижа кон нив. Туку постојано ги ставаат на некоја страна како тие да се непријатели на државата. Доколку се продолжи така, со такви квалификации, верувајте дека јас сум многу загрижен дека нема да можеме да го постигнеме тоа со наша заедничка цел. Една заедничка Македонија, демократска, фала богу и за оние кои мислевте дека се деструктивни, како што минува времето се повеќе докажуваат дека ја сакаат Македонија да ја видат интегрирана, сакаат демократска Македонија, сакаат да очекуваат од институциите. Многу пати сум повторувал до сега. Знаете ли колку е големо и позитивна работа,и која треба да се албанецот постојано сакаат да бидат во институциите. Тие тврдоглаво инсистираат да бидат во рамките на безбедносните сили на Македонија. Зошто врз ова не работиме? Зошто не го афирмираме ова. Тие тврдоглаво сакаат да бидат професионални војници, да бидат во Армијата, во АРМ.

Ве молам зошто не афирмираме една таква ситуација. Тоа ќе значи дека се покажува голем интерес, се прави голема работа према дел од институциите, а во моментот кога  стануваме дел од институциите веднаш паѓа и одговорноста за државата врз нас. Преземаме обврски за државата. Што има во тоа лошо?

Многу пати си повторувам што има лошо во тоа толку. Доколку ги гледаме работите вака сигурно ќе ни биде подобро. Ја знам дека ова сигурно на сите ви е тешко, меѓутоа со нашите изјави било тука на говорница, и во медиумите и како позиција и како опозиција има одредени прашања од државен интерес во однос на кои мора да ги зближиме ставовите и да го ставиме на страна тоа што е деструктивно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како што пред малку истакна господинот Караџоски, пратениците од редовие на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги поддржат измените на законот за посебните права за припадниците на безбедносните сили и нивните семејства, иако од она што досега го слушнавме малку сум изненаден и незнам дали воопшто Владата го предлага овој закон. Ако го предлага Владата кој дел од Владата го предлага, затоа што е очигледно дека од повеќето дискутанти кои го сочинуваат владиното мнозинство во Собранието односно пратениците кои ја поддржуваат Владата таму постојат дилеми.

Јас се надевам дека пратениците од редовите на СДСМ иако досега не слушнав дека тие ќе ги поддржат овие измени во законот за посебните права на безбедносните сили, она што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ гласно го кажуваат а тие од некои причини не смеат да го кажат, барем го чувствуваат во себе и секогаш кога ќе се најдат во вакви ситуации тие се свесни дека ВМРо-ДПМНЕ ќе ги поддржи сите законски решенија кои имаат витален интерес за одредена категорија на граѓани во РМ или се од национален интерес за РМ. За жал тоа никогаш нема да им се случи во коалицијата што тие сами ја формираа и ова е можеби еден најтажен начин што можат да видат како во иднина, како досега и како во иднина функционира владиното мнозинство и во Собранието и во Владата на РМ. Секогаш кога, секој понеделник кога Владата има седница, редовна седница само нека се потсетат на настаните и на масакрот во Вејце, на Карпалак, на 4 март 2001 година

кога за 30 минути изгубивме тројца војници, на убиствата на полицајците и во Арачиново и во главниот град на Република Македонија и нека продолжат секојдневно да ја практицираат власта на начин како што ја практицираат знаејќи и повикувајќи се на патриотските чувства пратениците на ВМРО-ДПМНЕ секогаш ќе бидат тука да го дадат својот глас за законите кои имаат или национално значење или исклучиво значење за одредена категорија граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Коце Трајановски јас не видов елементи во излагањето на господинот Исмет Рамадани на што вие можете да реплицирате, но повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да дадам мала реплика.

Би рекол дека господинот пратеник Исмет Рамадани многу убаво зборува. Впрочем и самиот кажа дека 12 години е пратеник во Собранието на Република Македонија, но мислам дека еднострано зборува, само во интерес на албанската заедница, а не и за македонците во Арачиново, а репликата ми е во врска со Арачиново.

Јас пак би го прашал што стори Исмет Рамадани за македонците од Арачиново и што сега прави за да тие се вратат повторно во Арачиново. Тој има големо влијание во Арачиново, од таму потекнува, таму му е фамилијата, раселените македонци се негови школски другари, пријатели и соседи. Мислам дека тие ништо лошо не направиле за да не можат да се вратат.

Исто така би сакал да напоменам дека јас за конфликтот во 2001 година иако сум македонец, во мојата изборна единица, бибша 65 во албанските села Средно и Долно Коњари активно учествував и одржував состаноци по општината се со цел да се смират тензиите и да не настане таму конфликт, а имаше причини, имаше одредени почетни дејства.

Затоа би сакал господинот Исмет Рамадани да земе поголемо учество и да влијае македонците да се вратат во Арачиново и безбедно да живеат таму бидеји единствената и главна пречка е безбедноста во селото Арачиново.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Рамадани има право на повратна реплика.

Јас ќе ве замолам сите и да ве потсетам дека во законот што е предложен од Владата се рабти за правото на семејна пензија и за висината и начинот на пресметување на еднократната парична помош на оние кои учествувале во војната во бившата СФРЈ. Ова што се зборува сега ама апсолутно никаква врска нема со законот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Господине претседател, јас знам и навистина ми е жал и јас излегов на говорница затоа што сакам во очи да го гледам господинот Коце Трајановски, а не само да му кажам нешто.

Доколку го немаше Здруженито “Зора” и таа другарка на еден мој колега кој многу го почитувам и имам многу другари од мојата генерација со кои сме израснале заедно и заедно и кравите сме ги чувале, тоа не го кријам, меѓутоа со појавувањето на Здружението “Зора” можам да ви кажам дека е таа гавната пречка за враќањето на македонците во Арачиново.

Јас барав и средба со неа неколку пати, за тоа сум го молел и ОБСЕ да помогне, јас сум таков човек, барав да се сретнам со неа, еднаш прифати, преку ОБСЕ добив збор дека таа сака да се сретне со мене и да разговараме за враќањето на македонските граѓани во Арачиново, но меѓутоа откако некој и отпеал на уво таа го смени мислењето и мене ми рече не. Затоа мене ми е жал затоа што таа не сака да разговара со пратеникот за кој вие рековте дека има авторитет таму, вие тоа го рековте, јас незнам дали го имам тој авторитет.

Јас сум подготвен и ве уверувам дека тие ќе се вратат во своите домови, тие што имаат каде да се вратат. Се разбира некој што немаат каде да се вратат, затоа што земено во проценти повеќе има куќи на мои соселани македонци, меѓутоа тоа не е моја вина, вината не е кај мене.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Најпрвин сакам да го изразам своето задоволство што денес во македонскиот Парламент се надевам ќе се усвојат измените на законот со кои е биде отстранета една голема неправда, а бидејќи жртвите за самостојна суверена, меѓународно

призната и демократска Македонија паднаа токму на просторите на некогашна Југославија. Знаеме дека многумина од македонските синови и македонци и албанци и турци и роми загинаа како припадници на тогашната озлогласена ЈНА, загинаа на боиштата во Хрватска во Србија, во нажестоката агресија која после Хирошима се случи на просторите на некогашна Југославија, кога ни се случи Вуковар. Јас и тогаш за жал, и во минатата и во оваа наша татковинска војна бев активен учесник тогаш за излегување на граѓаните кои беа во редовите на ЈНА безбедно да се вратат во Република Македонија заедно со многу албанци во Хрватска и со многу македонци и особено големата помош која во тоа време ја даде нашата политичка, тогаш и денес опозиција ВМРО-ДПМНЕ.

Исто така сакам да кажам дека јасно беше дефинирана агресијата која беше извршена на Хрватска од страна на ЈНА во тоа време, не гледам една причина денеска овде да бараме упорно дефиниција на поимот кој веќе е во потсвеста на македонскиот граѓанин а тоа е дека 2001 година врз Република Македонија беше извршена жестока агресија од протекторатот Косово потпомогнато од некои меѓународни сили, потпомогнато од командниот кадар во Република Македонија, поучени да се формираат во единици, поучени да прогласат команданти на тие единици за да ни се случи Рамковен договор, за да ни се случи капитулација.

Сето тоа добро му е познато на македонскиот граѓанин и на албанец и на македонец и на сите оние кои загинаа на страната на безбедносните сили на Република Македонија. Затоа не треба денеска упорно да бараме нови дефиниции и да зборуваме дека во таа татковинска војна учествуваа само македонци. Тогаш ние правиме голема неправда кон оние албанци кои загинаа од Тетово, од Куманово, оние роми и срби кои загинаа во редовите на безбедносните сили и оние семејства кои ги оплакуваат овие загинати македонски бранители.

Затоа ние денеска многу јасно треба да проговориме пред макеоднската и пред светската јавност кој ја изврши агресијата, кој е агресорот, а кој е жртвата. Жртвата е Република Македонија бидејЌи беше најжестоко нападнат уставно правниот поредок на Република Македонија. Беше нападнат Уставот на Република Македонија, а ние застанавме во одбраната на уставно правниот поредок. Во таа одбрана не можевме да мериме колку куќи и на кој начин ние ќе ја одбраниме македонската територија.

Се надевам дека резултатите од таа победоносна татковинска војна беа и тука се. Затоа денеска сакам само да ги потсетам оние кои беа на другата страна на барикадите дека немаат морално право дека немаат право да бараат да се

изедначи жртвата и агресорот, да се изедначат оние кои ни го донесоа Карпалак, Вејце, оние кои ги донесоа страдањата на безброј албански семејства кои не прифатија да одат на страната на ОНА.

Јас знам дека, како што кажа колегата Рамадани овде некој треба да собира политики поени, јас ги собирав поените на линијата на македонскиот отпор, бев заедно зо македонските бранители и тоа јасно го кажувам за разлика од некои кои тука се криеја, а беа на другата страна на фронтот. Затоа мораме да го поддржиме овој закон, да го прифатиме и да кажеме јасно дека треба да заборавиме и да се однесуваме како несериозна држава и да помислиме дека можат сега во таа Хрватска слободно да се шетаат Матиќевите паравоени формации, како што за жал слободно во македонскиот Парламент се шетаат командантите на УЧК. Ние не смееме, но еве сведоци сме дека Македонија полека го прифаќа. Но едно е да се простува, но никако, во ниедно време е можеме да го заборавиме злосторството на озлогласената УЧК и на оние кои ја извршија агресијата врз Република Македонија, затоа што одбраната на македонскиот суверенитет, на македонскиот интегритет е наша уставна задача. Ние сите се заколнавме во одбраната на суверенитетот на Македонија, тоа мора да го испочитуваме, а најмногу од се да не газиме на честа, на достоинството и да не ги заборавиме семејствата на македонските бранители дали тоа се од редовите на албанците, македонците, ромите или србите.

Во тоа име уште еднаш сакам да кажам дека ќе го дадам гласот за овој закон, ќе ги поддржам измените на овој закон и сметам дека денеска Македонија кон семејствата на загинатите бранители, на првиот загинат бранител, на нашиот Саше и на другите кои загинаа некаде на боиштето во Хрватска денеска им оддаваме чест и голема благодарност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави ...

___________________________:

Како што им доликува на пратениците што знаат да кажат и да помегнат веднаш по своето излагање, така и во овој момент господинот Бошковски ја напушти собраниската сала, меѓутоа тука сте вие да слушнете сите.

Само би го потсетил да не ги вметнува веќе во своето излагање залагањата за Уставот, затоа што знаеме многу добро колку беше тој заинтересиран и колку многу ги бранеше. Тоа е прво.

Второ, ако заборавил, да го потсетам Саше Гешовски го уби ХДЗ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседател, почитувани пратеници, господине министер и сите останати присутни во салата.

Една е вистината дека имаме еден закон кој навистина треба да имаме една насока, една многу поконструктивна насока и зошто да не кажам да имаме една многу поголема одговорност. Но ние како парламентарна група на ДУИ ова прашање сме го дискутирале и одлуката на сите пратеници беше овој закон да биде иземен од денешниот дневен ред со една единствена цел.

За овој закон да се постигне една политичка цел меѓу партнерите во коалицијата и овој закон да биде усвоен со сите гласови на албанците. Но за жал тоа не се постигна, така што нашиот предлог беше надгласан. Целосно се согласувам и со претседателот на Парламентот кога рече дека треба да не се оддалечуваме од точката на дневниот ред. Јас овој закон го гледам во други димензии, од правен аспект, политички аспект и хуманата димензија.

Кога станува збор за првата димензија, правна, целосно се согласувам со она што ние сите заедно кои сме присутни овде во салата и оние кои што дискутираа, вистина е дека во овој правец имаме многу малку прави, бидејќи и самиот наслов на законот ни дава на знаење јасно која е содржината на овој закон и што дефинира овој закон и која му е целта за решавање.

Кога ќе ги земеме во предвид двете други димензии, политичката, тогаш тука треба да застанеме, ние сме партнери во коалицијата и оваа коалиција треба , бездруго, да функционира во интерес на сите граѓани. Тоа е едно прашање за коене би требало да имаме дилеми. Затоа би ви кажал на сите за политичкиот аспект, за политичката димензија господа пратеници и партнери во коалицијата требало да се консултираме, бидејки наш интерес е овој закон да помине уште еднаш, ќе повторам уште еднаш да помине и со наши гласови. Но, неуспеавме да е усогласиме.

Немаше да биде ништо лошо доколку овој закон денеска ќе беше иземен од дневниот ред и за неколку недели или за еден месец, бидејки сум длабоко убеден , доколку не успееме да им го решиме статусот на семејствата кои имаа свои учесници кои се жртва почнувајки од конфликтот во бивша Југославија, јас мислам дека за еден месец, доколку дочекавме немаше да направиме некаква грешка, но

мислам дека тука сеуште постои тенденција дека можеме ова да го усвоиме и без гласовите на парламентарната група на ДУИ или на другата партија.

Браќа, со целосна одговорност ви велам одговорноста ја зедовме сите и кога ја презедовме оваа одговорнсот заедно, тога треба да размислуваме дека се' што ќе се донесе во рамките на оваа држава што се однесува до општите интереси на државата треба да се консултираме и да разговараме, бидејки не гледам никаков замор, нешто што е одвише кога се разговара, кога се преговара никогаш нема да има разлики, дивергенции и нема да има поинакви правци, туку секогаш ќе удираме на иста жица. Општ интерес е на целата држава затоа политичката димензија би рекол дека ние во овој правец немавме добра соработка, па барам во иднина да не ни се повторува ова, бидејки не е продуктивно и не придонесува за голем број процеси кои се однесуваат со имплементирањето на Охридскиот договор, а зошто да не речам и со интегрирањето на Македонија во Евроатланските структури.

Вистина е дека хуманата димензија кога ќе се допре треба да се почувствуваме сите морални и да имаме одговорност околу оваа димензија. Раните на војната се исти за сите , господа пратеници, без оглед. Ви говорам за граѓаните на Македонија. Кога се говори за раните на војната не треба да имаме разлики, сите треба да имаме исти мислења , ист став, само на ваков начин придонесуваме на она што е најконструктивно и она што води кон решавање на сите проблеми, поделбите во овој правец се штетни и затоа токму јас овде го гледам хуманиот аспект. Кога ќе го дискутираме воа прашање, кога станува збор за материјалната страна мислам дека никој нема против да им се помогне на семејствата, бидејки грижата за нив треба да биде во рацете на државата.

Сакам да ви кажам дека Охридскиот договор е документ, многу силен документ во сите погледи. Многу пати зборуваме за тоа, а главното прашање имплементирањето на Договорот, тоа е многу значајно прашање, тука не треба да имаме никакви дилеми, туку треба да се зафатимеи со другата димензија. Охридскиот договор го гледам како еден документ кад еима ставено точка на сите разлики кои биле со децении внатре во Парламентот и надвор и во другите институции. Но, во оваа насока имаме малку конструктивност, па зошто да не кажам од време на време, се извинувам, може би ќе излезам надвор од темата, а она што е најскромно намаме конструктивност. Верувајте, треба да ги разбереме некои прашања. Јас гледам дека законот е донесен, а сега имаме една измена и надополнување на тој Закон, па зошто не доведувате во ситуација да не гласаме. Дајте да го отвориме ова прашање, јас отворено ви велам и уште еднаш ќе повторам

баравме овој закон да се помести за некоја друга сеанса, немаше да се случи ништо. Токму тука коалицијата како коалиција треба да биде будна. Ние баравме и во Владата вов рска со ова прашање, но и таму не наидовме на разбирање. Оваа коалиција не треба да функционир азад сцена, бидејки нее во општ интерес. Јас во една моја дискусија кога стана збор за избор на оваа Влада се обидов да бидам јасен и конкретен и уште тогаш се искажавме за една искрена соработка, бидејки не гледам дека некого треба да излажеме и некој да излезе победник. Воља на сите граѓани на Македонија без оглед на нивнат национална или верска приапдност е во овие моменти да се врати мирот и стабилноста на сите. Ова прашање не прави разлика на етничка припадност ниту верска, но истовремено и другите прашања како економски , социјални, ве молам да ослободиме еден простор да создадеме терен, почва за политичко маневрирање, за идеи и конкуренција во оваа димензија на ова поле, бидејки изборите ги добивме сите ветувајки им на сите граѓани дека ќе го вратиме сето она што е во нивен интерес, но пред тоа д ане заборавиме сеуште не сме се зафатиле со економските и социјалните проблеми и уште еднаш ќе потенцирам се согласувам со забелешката на претседателот, но и претседателот треба да биде самокритичен, бидејки до ден денесе го нема решено прашањето кое е многу просто, многу едноставно дури би рекол , не ја подига тензијата, туку сами ние ги политизираме проблемите и потоа е многу тешко да се изнајде решение, па зошто претседателот не најде за потребно да се надмине употребата на јазикот кај претседателите на соодветните комисии, на работните тела во Парламентот. Мислам дека тоа не е нешто магично, имагинарно, многу е тешко да се направи еден графикон, тоа е едно практично прашање, едноставно прашање, само со една конструктивна консултација можеме да го надминеме ова прашање и тие комисии кои се професионални можеа да имаат изградено ставови околу овој закон. Тоа би било многу по функционално за Парламентот, но, за жал, тоа не е постигнато. Ова прашање се пролонгира, па не би требало да се пролонгира господине претседателе, треба да се реши овој проблем, треба да се реши проблемто на некои прашања кои се однесуваат до натписите. Мислам со натписите на нашите кабинети, бидејки ние отворено побаравме да биде напишано на македонски јазик, јас македонскиот јазик го гледам дека е потребно да го знаеме и не треба да бегаме од тоа, бидејки треба да комуницираме, да создадеме услови и околноси за соработка, треба да има слободно движење, граѓаните да имаат можност да се движат и да создаваат амбиент за една соработка за отворање на нови перспективи , а не со каприц кој доаѓа од сосема поинакви предрасуди. Треба да бидеме

ослободени од предрасудите. Затоа законот како закон, јас би рекол уште еднаш, ние како партнери во коалицијата треба да го надминеме во една блиска иднина заедно да решаваме и сите забелешки кои произлегуваат и се ориентираат кон поинаква насока ние како парламентарна група на ДУИ не се согласуваме . Нас не интересира едно прашање. Во рамките на партнерите на коалицијата да се негува до такво ниво интересот да го види и еден обичен граѓанин. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бошковски, сакате да ја искористите контра репликата? Имате една минута.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Репликата се однесува до господинот Стоилковиќ. Јас не го разбрав во неговата констатација што сакаше писателот или песникот да каже кога мене ме праша и кога ми кажа и кога толку уверливо тврди дека ХАДЗ го уби нашиот Сашо. Мислам дека е ретроградно, тоа е едно минато време, јас ја разбирам неговата југоносталгичарска димензија и ја разбирам неговата припадност во тоа време во Странката на југослвоените, разбирам дека се стави отворено на страна во борбата против сега веќе поразената страна која е осудена и од Меѓународната заедница и негледам причина мене на Љубе Бошковски припадник на ВМРО-ДПМНЕ да му зборува за ХАДЗ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Дика, деловничка забелешка.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам претседателе, по дискусијата на колегата Хисни Шаќири на површина излегува дека тој даде еден многу сериозен сигнал што се однесува до соработката на владината коалиција. Сите ние потписници на Договорот очекуваме оваа коалиција да има капацитет и да ги координира не само со добра волја што се однесува до вербата во однос на овој закон или некој друг закон, очекуваме оваа коалиција да реши големи прашања од економијата и мислам дека оваа дискусија беше за некоординацијата која постои или големата некоординираност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви го одземам зборот, бидејки ова не е деловничка интервенција.

Господине Дика вие сте искусен парламентарец и можете да заобиколувате и да злоупотребувате како ќе побарате пауза, но и претседателто на Парламентот има искуство. Немојте за барање пауза да зборувате за функционирање на коалицијата во услови кога деловничка одредба побаравте.

ЗАМИР ДИКА:

Сакам да образложам зошто барам пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тогаш продолжете.

ЗАМИР ДИКА:

Уште еднаш да повторам, господине претседателе, можеби не се изразив како што треба, јас барам , во името на мојата парламентарна група една пауза, бидејки мислиме , врз основа на дискусијата, дека има некоординираност меѓу партнерите на коалицијата кога ние очекуваме имплементирање на Рамковниот договор. Мислам дека ова прашање е многу сериозно, ние како парламентарна група чувствуваме потреба од една пауза да се координираме, да се договориме дали ќе учествуваме во гласањето или не.

Ве молам да не подржите во ова наше барање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека има многу дискутанти очигледно до гласање денеска нема да дојде, ќе дојде утре, ќе имате време попладнево и утре претпладне до 11,00 часот да се координирате како ќе гласате, а ако дојде до гласање ќе ви дадам пауза за да се искоординирате, меѓутоа очигледно не доаѓа до тогаш слушајте ги дебатите, утре до 11,00 часот имате 4 работни часа да се искоординирате.

На кого имате реплика? За тоа ви ја одзедов дискусијата затоа што немавте деловничко (пратеникот зборува од место без даден збор), ајде сослушајте ме. Под плаштот на деловничка забелешка дискутиравте политички дебати со господинот Шаќири и сега кога тој бара на вашата деловничка реплика ќе му дадам затоа што и вие злоупотребивте, не можам да го санкционирам.

Има збор господинот Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине Замир Дика не треба да ме разберете погрешно јас допрев многу прашања за кои бев многу јасен. Јас сум длабоко убеден дека ќе имаме и други прашања, многу закони за кои треба да ги координираме работите. Но, бидете убедени дека никако нема да прифатиме половични решенија. Кога станува збор за ова такви половични резултати се постигнати во минатото. Затоа не треба да се злоупотреби ова за отворање на дилеми како функционира. Ние сме јасни и транспарентни, ги допревме оние прашања кои се од општ интерес. Мислам дека има многу јасни и елаборирани прашања и од правен и од политички аспект, но допревме и некои хумани димензии, јас велам дека нема никакви празнини, да се интервенира и ова да се злоупотребува,мислам дека не е оправдано. Бидејки и вие сте потписници на Охридскиот договор вие имате истоветна одговорност со нас и овој процес сите партии потписнички на Договорот треба да го изодиме заедно. Во овој случај јас не сум виновникот, јас одговорно велам не треба да го измениме ставот ако ни се даде прилика да бидеме на власта да го менуваме тој став. Треба да имаме континуитет околу политичките проблеми и држете се до тие политички проблеми.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Замир Дика бара контрареплика.

Имате една минута.

ЗАМИР ДИКА:

Претседателе јас побарав пауза  но вие не ме сослушавте. Сега имам една контра реплика.

Мислам дека добро го разбрав г-динот Хисни Шаќири и треба да им дадеме време да се координираат околу овие недоразбирања што ги имаат во коалицијата. Но, доколку за Хисни тоа не се недоразбирања и доколку мисли дека војната завршила и дека албанците ги добиле правата во оној момент кога тој седнал во оваа фотеља, или станале министри, тоа е многу погрешно. Има право дека полицијата над сите нас и доколку ги заборавите тие одговорности тогаш ние тука застануваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Дика, незнам дали ме разбравте. Вие побаравте пауза пред гласањето и пред да дојде до гласање јас ќе ви ја дадам паузата.

Продолжуваме со расправа.

Има збор г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине пртседателе, почитувани пратеници.

Пред се, мислам дека отворањето на ваков начин на дискусија за Законот или за Предлог измените на Законот, говори во есенца дека донесувањето на одлуките во македонската влада и за вакви прашања од животно значење, не се консензуални. Мислам повтроно дека координацијата меѓу партнерите не достасувала и не достасува од причини затоа што тоа е предлог документ од Владата. Во овој случај тезата на постоењето на координирањето паѓа, бидејќи станува збор за партнери во коалицијата. Значи одлуките не се донесени консензуално и затоа во парламентот се отвора ваква дискусија. Мислам дека е ваша грешка претседателе, затоа што сега не ја прифативте паузата со една единственан причина да не се заострува на такво ниво дискусијата и соодносите, бидејќи се знае каде е одговорноста на позицијата а каде е одговорноста на опозицијата, бидејќи позицијата е таа која ги донесува одлуките а не опозицијата. Од вокацијата опозицијата е отстранета од овие политички околности, во моментот. Но, се разбира дека никој не го оспори правото во врска со овој предлог на закон. Но, видете, имате како пример членот 23-а. Се создава правото на семејна пензија за сите оние кои се жртви на територијата на бивша Југославија. Никој не знае зошто бил жртва. Никој не знае како паднале тие жртви.

Конфликтот во Македонија сигурно создал услови и околности врз основа на кој дел од албанскиот народ, некој дел безразлика дали се учесници во војната или оштетени граѓани, можат да најдат причини да бидат компензирани. Затоа е тука нашето инсистирање, од овој аспект Законот да се измени. Ќе ја спомнам компонентата или пак пораката што треба да ја има овој закон.

Овој закон или предлог измените, донесени во поинакви услови, во услови каде треба да се создаде доверба. Вака не се создава доверба, бидејќи во сегментот на реализирањето, без оглед дали станува збор за пензиите, за компензација, за едно или друго, амблок се отстрануваат албанците. Сега се отстрануваат, се елиминираат албанците. Бидејќи најголемиот дел на македонците, припадници на безбедносните сили, врз основа на основниот закон и реализирање на овие барања, сега станува збор за семејните пензии. Значи бараме тука на рамноправен начин да се вклучат и албанците, бидејќи тоа ќе придонесе, не за целосно враќање, мислам во целосна смисла на зборот, бидејќи станува збор за

закон за враќање на довербата, разнишаната доверба, разнишана од поодамна, но вие зедовте одговорност, а и ние како опозиција. Значи работиме на тоа да се врати довербата а со вакви закони тоа не можеме да го направиме. Затоа, наше инсистирање е во овој дел, овој закон да се ревидира, да се истражат случаи кога може, да речеме на правичен и непосреден начин и албанците учесници и припадници на други етнички заедници да можат да ги користат бенифициите, без оглед на семејната пензија, или пак на еднострананата помош. Значи, моја сугестија и барање е во овој правец да се направи ревидирање на овој предлог закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Ви благодарам господине претседателе,

Мојата дискусија денес главно ќе се однесува на второто образложение на г-динот министер во врска со овој закон и во овој случај сакам да ги повикам колегите парламентарци во нивните дискусии да се придружуваат до парламентаризмот, во врска со одговорноста што ја имаме кон граѓаните за да се однесуваме врз основа на некои барања што тие ги бараат од нас и во однос на одговорноста што ние ја имаме кон нив. Во овој случај сакам да кажам дека ние не го доведуваме во прашање правото за пензија, социјалните права на оваа структура на население, иако сметам дека може би е сега можноста да се направат неколку сугестии до Владата која, по се излгеда не била доволно сензитивна за природата и формата на дискусијата кое моеже да предизвика еден закон од ваква природа.

И последната истанца, токму нерамноправноста на албанците во минатото, во безбедносните сили беше тоа Што доведе до конфликти и интервенции или подобрувања во оваа структура, преку Охридската спогодба.

Ова прашање, овој закон или пак измените на Законот кои ги дискутираме денес, фактички е закон кој е усвоен од претходниот состав на парламентот, во времето кога една поинаква политичка структура беше на власт и она што беше како феномен тогаш, се повторува и сега. Значи законот е усвоен само со гласовите на македонските пратеници, со мајоризација на албанските пратеници.

Сметам дека ќе беше многу поодговорно од страна на Владата ако донесеше еден предлог кој ќе ги елиминираше феномените на поделба врз етнички основи. Ќе беше многу пооправдано доколку Владата и Министерството за труд и социјална политика ќе понудеше еден пакет на социјални закони каде ќе имаше и повеќе

закони во однос на жртвите, без оглед на нивната етничка припадност. Почитувани колеги, болката е иста без оглед на етничката припадност и последиците се исти без оглед на етничката припадност. Тргнувајќи од платформата врз основа на која се заснова оваа коалиција, елиминирањето на етничките поделби односно борбата против таквата поделба треба да биде една порака. Но, за жал таква порака денес недостасува. Затоа, она што го имам како барање и како сугестија е што побрзо пред нас како парламент да ни биде предложен еден пакет на закони и интервенции во областа на социјалата, што ќе се занимава со областите, конфликтот, војната и еден закон кој ќе се занимава и ќе го опфати статусот на жртвите на војната, без оглед на етничката припадност. Значи не станува збор за некој маркетинг ако не ги прифатиме овие закони. Ние сме една партија која доби 16 пратеници во овој парламент и се однесува одговорно. ДУИ нема политички маркетинг, бидејќи како политички субјекти, имајќи еден голем товар за помош на семејствата жртви албанци. Тоа го говорам одговорно и мислам не е место да се прави еден политички маркетинг. Затоа велам ние немаме политички маркетинг.

Уште еднаш да го повторам нашиот став дека овој закон нема да го поддржиме бидејќи е донесен во еден период кога не се пожитува рамноправноста.

Уште еднаш ја користам оваа прилика да ја повикам владата која ја поддржуваме, во иднина да создаде сензитивност, што се однесува до чувствителни прашања на етникумите, да се создадат услови за помирување на заедниците а не да донесува текстови што ќе отворат дебати, полемики кои доведуваат до етничка поделба. Тоа нема да помогне ништо ако продолжиме во тој правец.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред нас се понудени измени на законот што се однесува на луѓе од разно етничко потекло кои стапиле во акции за одбрана на интегритетот и поредокот на државата дефиниран според постоечките услови било на Република Македонија, било на поранешната СФРЈ. Ако сакаме да го почитуваме правниот континуитет на државата, а сакаме тогаш мораме да го надокнадиме на нивните семејства изгубеното.

Овој закон исто така се однесува и за луѓето од безбедносните сили кои во иднина, според новиот Устав ќе ја бранат оваа држава.

Колеги, ова накусо беа фактите. Од дискусите гледам дека во основа сите се согласуваме дека ова е вака. Меѓутоа, што ни се случи денес на оваа седница, каде

загазивме ние. Заглибивме во минатото во старите фрустрации во старата терминологија. Загазивме посеуште свежи гробови. Се спомнуваа многу тешки зборови, се спомнува многу често зборот дискриминација. Рамковниот договор се цитираше повеќепати не секогаш сосема соодветно. Рамковниот договор б еше договор за помирување. Тој беше договор за помирување и покрај раните и покрај болките за да направиме мост преку кој ќе го оставиме минатотот и ќе градиме наша иднина.

Еден од претходните дискутанти спомна дека дефиницијата војната е можеби е причина за оваа дебата и јас овде сосема би се согласила. Јас лично не верувам дека скоро ќе биде денот кога сите во нашава држава ќе имаме иста дефиниција за војната од 2001 година. Не зависно од се, не треба сега од тоа да правиме нови драми. Тоа никому не му е потребно.

Би сакала исто така да укажам дека некои формулации беа изречени кои само долеваат масло на огнот а кои во себе носат закана. Беше кажано дека овој закон ги осудува новите деца на нови конфликти. Беше кажано дека со овој закон нашата перспектива е нула. Такви формулации навистина не се прикладни и треба да ги избегнуваме.

Исто така не се согласувам и со одредени изјави кои беа кажани, можеби со предизвиккувачки тон каде на некој начин се изразуваше индиректно радост што меѓу партиите од власта постои некакво несогласување или разногласие по одредени прашања. Мислам дека секој од нас треба да мисли на тежината на секој збор.

На крајот би завршила со еден предлог, сосема конструктивен.

Предлагам да одиме по линијата на разумот кој треба да не краси како политичари и предлагам да го прифатиме овој закон кој очигледно не е спорен по својата суштина како таков, а за решавање на некои други прашања што не засегаат, а каде што имаме различни ставови да предвидиме некои други дискусии кои во иднина може би ќе донесат и некои други законски решенија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

внимателно ја слушав оваа точка од дневен ред и до предпоследните две дискусии, морам да ви кажам не ми беше јасно за што зборуваме. Имаме закон, имаме дополнет закон и сега треба да го дополниме тој закон, а тој многу прецизно

се однесува на една категорија на луѓе. Ќе бев многу посреќен ако сите заедно овде потрошивме толку време и енергија како на тие луѓе да им го ублажиме ненадоместливото. Некои луѓе изгубија членови на семејство, други луѓе си го изгубија здравјето, трети си загубија дел од телото, нешта кои незнам дали можете да поимите што значат кога на некој човек ќе му се случат. Ние, наместо, во оваа сиромашна држава да ги бараме параметрите како на тие луѓе да им помогнеме, ние отворивме расправа по цела една нова тема, а таа не е како да им се надомести на припадниците на безбедносните сили загубеното, туку како да дефинираме еден конфликт и како да дефинираме начин како да ги ублажувамем последиците во тој конфликт, и се доведовме во ситуација да го изедначуваме тоа што не може да се изедначи. Во светот денес се води жестока полемика околу тоа дали воопшто имам праведна војна и што е тоа праведна војна и неправедна војна. Во светот се води тешка полемика и мене ми е драго што пратеникот Исмет Рамадани овде го отвори ова прашање кога рече, господа треба да внимаваме за што зборуваме, за кого зборуваме, кој наредувал, кој извршувал наредби кои се наоѓал каде во целиот овој тажен процес што го живеевме во 2001 година.

Гледам сега при крај конечно ми доаѓа разумот, ја враќаме дебатата таму каде што требаше да биде од почетокот да го усвоиме законот. Господа пратеници од ДУИ, вие сте исто толку пратеници колку и сите ние. Во нашиот Устав вели дека и вие можете да поднесете закон. Дајте, свиткајте хартија, напишете Предлог закон, предлог за изменување и дополнување на постоечки закон и обидетесе, тоа што сега го кажувавте, како луѓе кои ја погрешиле темата на својот настап, срочете го, предложете го, оваа Влада, вашите коалициони партнери, овој парламент, ќе седне и тогаш подготвено и мериторно ќе расправа за него. Ние денес треба да се договориме како на тие наши луѓе на кои не можеме да им го вратиме тоа што го загубија за нас, за нашата држава, за нашиот суверенитет и за овој мир што го имавме, па и за таа стабилност со која го преживеавме конфликтот што ни беше нанесен да им го надоместиме барем малку тоа. Ако сакате да ја дефинираме војната, ако сакате да го дефинираме конфликтот, ако сакаме да се видиме кој што бил и каде бил, и ако сакате врз основа на тоа да ја дефинираме штетата, се согласувам со пратеникот Хисни Шаќири дека болката не разликува нации, болката не разликува страна. Таа е подеднакво тешка за секој родител, брат сестра или дедо. Според тоа, дајте да седнеме, па тогаш ќе разговараме за сите детали од тоа што ни се случи, па белки ќе излеземе како пратеници па ќе донесеме закон врз основа на кој, за тие што ги загубија најблиските, ќе им го дадеме малку од она што

го загубиле и ќе продолжиме понатаму да се расправаме за работи кои се посуштествени. Клучно прашање, сакаме на луѓето да им помогнеме во оваа сиромашна држава од кои средства, каде ќе ги најдеме, како ќе ги заработиме, кој ќе ги издвои, за да можеме да им го дадеме тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи нема повеќе за дискусија го заклучувам претресот. Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Пред да се гласа за дополнувањето на законот, молам да се даде пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас ќе дадам пауза само мислам дека не е фер кон колегите 120 пратеници, цела група да си замине од Собранието, а еден пратеник од групата да бара пауза за нешто што не може да се координира.

Објавувам пауза од 30 минути.

Со оглед на тоа што времето за пауза се совпаѓа со работното време, ќе продолжиме утре со гласање по точката од дневен ред.

(Седницата прекина со работа во 16,35 часот).